# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

# „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ - ВЕЛЕС
# ОПШТИНА ВЕЛЕС

за период од 2023 до 2025 година



**Јуни, 2025 година**

| Самоевалуација на училиштето | |
|---|---|
| Училиште | Општинско основно училиште „Блаже Конески“ - Велес |
| Адреса | Љубљанска бр.1, Велес |
| Телефон, е-пошта | 043/222-090, oublazekoneski@yahoo.com |
| Период на подготовка на самоевалуацијата на училиштето | Јануари - јуни 2025 година |
| Број на ученици во училиштето | 1008 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Маја Коруновска |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од Училишен одбор** | |
| Име и презиме на Претседател на УО | Петар Петков |
| Потпис | |
| Датум | |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирање на наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Наставни планови и програми донесени од МОН;<br>Национални стандарди за постигнувања на учениците;<br>Годишна програма за работа на училиштето;<br>Планирања на наставниците;<br>Списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки;<br>Записници и списоци од состаноци на стручни активи;<br>Анкети со наставници;<br>Интервјуа со директор и стручни соработници;<br>Извештаи од стручни соработници за следни планирања; | Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>Размена на искуства и на информации при планирањето | Наставните планови и програми што се применуваат во училиштето се усогласени со програмските документи донесени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Планирањата на наставниците се изготвуваат во пропишаниот обем и се предмет на редовно следење од страна на стручната служба и директорот.<br>Наставата се организира и реализира целосно во согласност со наставниот план за основното образование. Наставниците навремено се информираат за сите новини и измени во наставните програми, при што стручната служба ги информира пред почетокот на учебната година.<br>Планирањата се подготвуваат редовно од страна на наставниците и се доставуваат навремено до стручната служба. Во текот на секое полугодие, најмалку двапати се врши следење на планирањата од страна на директорот, стручните соработници и/или овластени лица од стручните органи.<br>Наставниците редовно разменуваат искуства и добри практики во рамките на стручните активи, најмалку два пати во полугодие. Тие користат стручни материјали од различни медиуми, како и искуства стекнати преку соработка со други училишта. Како резултат на оваа размена и соработка, кај поголем дел од наставниците е забележано подобрување во квалитетот на изготвените планирања.<br>**Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажува следните резултати:**<br>„Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.“- **52,9%- целосно се согласувам, 40%-се согласувам.** |

| | | |
|---|---|---|
| | | „Добивам поддршка од стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети.“- **47%- целосно се согласувам, 47%-се согласувам.**<br><br>„Планирам и разменувам искуства и идеи во рамките на стручните активи.“- **48,6%- целосно се согласувам, 47%,1-се согласувам.**<br><br>„Користам стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта, меѓународни искуства и друго.“- **65,7%- целосно се согласувам, 24,3%-се согласувам.** |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Концепција за основно образование;<br><br>Концепција за инклузивно образоване;<br><br>Водич за слободни изборни предмети;<br><br>Водич за работа на Училиштен инклузивен тим;<br><br>Упатство за организирање заеднички наставни часови;<br><br>Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>Планирања на наставниците;<br><br>Списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки;<br><br>Записници и списоци од состаноци на стручни активи;<br><br>Анкети со наставници; | Реализација на наставни планови и програми<br>Избор на наставни предмети<br>Избор на задачи, активности и на ресурси<br>Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно<br>Реализација на образовна инклузија<br>Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Наставните планови и програми што се реализираат во училиштето се целосно усогласени со програмските документи изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука. Реализацијата на наставата се одвива согласно дадените насоки и упатства од надлежните институции. Годишните и тематските планирања се изработуваат редовно и навремено.<br><br>Наставниците навремено изготвуваат наставни програми за сите наставни предмети, како и за дополнителни и додатни активности, за работа со ученици со посебни образовни потреби (ПОП), како и за интегрирање на меѓупредметни теми: МИМО (меѓуетничка интеграција на младите во образованието), ЕКО-едукација и ИКТ содржини. Дополнително, наставниците подготвуваат програми за личен и професионален развој, соработка со родители, работа со одделенската заедница, воннаставни и слободни активности, стручни активи, натпревари и проектни активности.<br><br>Училиштето има воспоставено јасни процедури за информирање на родителите за наставните планови и програми, преку учениците, Советот на родители и родителските средби што се одржуваат во однапред утврдени термини. На почетокот на секоја учебна година, наставниците им ги презентираат |

| | | |
|---|---|---|
| Интервјуа со директорот, стручните соработници;<br><br>Извештаи од стручни соработници за следени планирања; | | наставните планови и програми на родителите, објаснувајќи ја нивната содржина и начин на реализација. Дополнителни канали за информирање се веб-страницата на училиштето и огласните табли.<br><br>Родителите активно се вклучуваат со мислења и предлози за подобрување на квалитетот на наставата и образованието, вклучително и во делот на наставните планови и програми. Училиштето, согласно со наставниот план, Водичот за слободни изборни предмети, им нуди на учениците можност за избор на предмети според нивните интереси и потреби. Процедурата за избор на изборни предмети се спроведува транспарентно и доследно.<br><br>Во наставата се применуваат различни методи и активности, како што се проекти, истражувачка работа, едукативни игри и интерактивни техники, со цел да се поттикне учењето со разбирање и активно учество на учениците. Се поттикнува интеракцијата помеѓу наставниците и учениците, како и меѓу самите ученици.<br><br>За учениците со посебни образовни потреби се изготвуваат и спроведуваат индивидуализирани образовни планови (ИОП), согласно наставните програми и во соработка со специјален едукатор и рехабилитатор. Училиштето има воспоставена процедура за изработка на ИОП.<br><br>Формиран е Училишен инклузивен тим составен од директорот, специјален едукатор и рехабилитатор, психолог, двајца родители на ученици со ПОП, одделенски и предметен наставник. Тимот е одговорен за спроведување и следење на инклузивната политика и практика на училиштето.<br><br>Во рамки на училиштето функционираат две современо опремени сензорно-ресурсни соби, обезбедени преку поддршка од проект и соработка со бизнис заедницата, што претставува значајна силна страна. Овие простори обезбедуваат специфични услови за индивидуална работа, рехабилитациска и едукативна поддршка**,** особено на ученици со образовни тешкотии и попреченост, со што се унапредува инклузивноста и квалитетот на воспитно-образовниот процес. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Тимот за училишна интеграција (ТУИ) го спроведува акцискиот план за следење на активностите поврзани со МИМО, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации. За спроведените активности се подготвуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со родителите ги покажува следните резултати:**<br><br>„Навремено сум информиран/а за распоредот на часови, додатна, дополнителна настава и воннаставни активности.“- **62,5%- целосно се согласувам, 33,6%-се согласувам.**<br><br>„Информиран/а сум за Наставните планови и програми кои ќе се реализираат во тековната учебна година.“- **57,6%- целосно се согласувам, 39,2%-се согласувам.**<br><br>„Изборните предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси.“- **42%- целосно се согласувам, 38,2%-се согласувам, 12,7%- не се согласувам.**<br><br>„Наставниците имаат современ приод во реализацијата на наставните планови и програми.“- **47,7%- целосно се согласувам, 42%-се согласувам.**<br><br>„Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете.“ **- 42% целосно се согласувам, 41,7%-се согласувам.**<br><br>„Мултикултурната, родовата и етничката различност се препознава, се почитува и негува.“- **53%- целосно се согласувам, 41,7%-се согласувам.**<br><br>**Анализата од спроведената анкета со ученици ги покажува следните резултати:**<br><br>„Навремено сум информиран/а сум за распоредот на часови, додатна, дополнителна настава и воннаставни активности.“- **56,3%- целосно се согласувам, 34,7%-се согласувам.**<br><br>„На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр.енциклопедии, списанија, интернет, модели).“- **46,8%-** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **целосно се согласувам, 33,3%-се согласувам, 14,4%- не се согласувам.**<br><br>„На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме прашања, дискутираме, работиме во групи).“- **43,2%- целосно се согласувам, 33,8%-се согласувам, 18%- не се согласувам.**<br><br>„Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште).“- **40,1%- целосно се согласувам, 27%-се согласувам, 25,7%- не се согласувам.**<br><br>**Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажува следните резултати:**<br><br>„Во наставата користам различни ресурси за учење и настава“- **61,4%- целосно се согласувам, 38,6%-се согласувам.**<br><br>„На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив“- **70%- целосно се согласувам, 30%-се согласувам.**<br><br>„Наставниците и стручните соработници користат различни интерактивни техники со што им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој“- **51,1%- целосно се согласувам, 41,4%-се согласувам.**<br><br>„Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП и остварува соработка со ресурсните центри и други релевантни институции.“- **54,3%- целосно се согласувам, 41,4%-се согласувам.**<br><br>„Училиштето гради политика на меѓуетничка интеграција во образованието.“- **51,4%- целосно се согласувам, 47,1%-се согласувам.**<br><br>„Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието (МИМО) ни обезбедува поддршка за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција.“ **62,9%- целосно се согласувам, 34,3%-се согласувам.** |

| Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета со учениците, родителите и наставниците;<br>Разговори во фокус групи со ученици, родители и наставници;<br>Интервју со стручна служба;<br>Увид во ученичките досиеја;<br>Увид во евиденцијата на<br>стручните соработници; | Средина и атмосфера за учење<br>Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Учениците и родителите го перципираат училиштето како безбедна, поддржувачка и развојно стимулативна средина, во која сите ученици се прифатени и вреднувани. Училиштето промовира инклузивност, интеркултурност и еднакви можности за сите ученици, без разлика на нивниот пол, етничка припадност, верска определба, јазична различност или социјално-економски статус. Ваквата атмосфера придонесува учениците да се чувствуваат сигурни, прифатени и охрабрени да се изразат и да се вклучат активно во образовниот процес.<br>Голем број ученици изразиле дека наставната средина ги охрабрува да размислуваат самостојно, да поставуваат прашања, да даваат предлози и активно да учествуваат во процесот на донесување одлуки поврзани со наставата. Ова чувство на автономија и поддршка за критичко размислување и самостојност придонесува за развој на нивната самодоверба и лична одговорност. Учениците посочуваат дека наставниците ја вреднуваат нивната иницијатива и се отворени за идеи што произлегуваат од самите ученици, што придонесува за поголема мотивација и вклученост во наставниот процес.<br>Покрај тоа, училиштето преку организирани и структуирани активности – како што се групна работа, тимски проекти, училишни настани и воннаставни активности – активно ја поттикнува меѓусебната соработка помеѓу учениците. Овие форми на заедничко учење придонесуваат за градење на емпатија, почитување на различностите, подобрување на комуникациските вештини и развивање на тимски дух.<br>Учениците исто така изразиле дека имаат можност отворено да го искажат своето мислење пред наставниците, особено во однос на прашања и проблеми кои се однесуваат на наставата, дисциплината, односите меѓу учениците и училишниот живот во целина. Оваа практика на отворена комуникација создава чувство на доверба и взаемно почитување меѓу наставниците и учениците и придонесува за подобра емоционална клима во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Како резултат на ваквиот пристап, училиштето не само што претставува место за стекнување на знаење, туку и простор за личен раст, градење карактер, развој на социјални вештини и промоција на вредности како што се толеранција, соработка и одговорност.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажува следните резултати:**<br><br>„На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето.“-**55,7%-целосно се согласувам, 44,3%-се согласувам.**<br>„Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците.“- **52,9%- целосно се согласувам, 45,7%-се согласувам.**<br><br>**Анализата од спроведената анкета со ученици ги покажува следните резултати:**<br><br>„Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно.“- **42,8%-целосно се согласувам, 39,6%-се согласувам, 13,1%- не се согласувам.** |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование;<br><br>Правилник за организација и начинот на спроведување на дополнителна и додатна настава;<br><br>Критериуми за оценување на постигањата на учениците;<br><br>Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>Распоред за додатна и дополнителна настава; | Училишна политика за оценување<br><br>Методи, форми и инструменти за оценување<br><br>Коефициент на континуитет на успехот на учениците<br><br>Користење на информациите од оценувањето во наставата | Училиштето применува утврдена политика за оценување, која има за цел да обезбеди фер, јасен и поддржувачки процес што ќе го поттикне учењето и развојот на секој ученик.<br><br>На ниво на стручни активи, наставниците имаат изградено усогласени критериуми за оценување, кои се во согласност со националните стандарди за ученички постигања. Овие критериуми се користат доследно при оценувањето на учениците, а со нив се запознаени и учениците и родителите. Тоа обезбедува транспарентност и разбирање на очекувањата во наставниот процес.<br><br>Потребно е ревидирање на политиката за оценување која ќе вклучува и посебно дефиниран кодекс за оценување на ученици.<br><br>Во својата работа, најголемиот дел од наставниците применуваат формативно оценување, кое се користи за следење |

| | | |
|---|---|---|
| Списоци на ученици кои се вклучени во додатна и дополнителна настава;<br><br>Увид во педагошка евиденција и документација;<br><br>Користените инструменти за оценување;<br><br>Примери на оценети ученички трудови;<br><br>Записници од стручните активи и Наставничкиот совет;<br><br>Анкети со ученици, наставници и родители;<br><br>Инструменти за индивидуализирани начини на проверка; | | на напредокот на учениците во текот на наставата. Заедно со сумативното оценување, процесот е јавно достапен и транспарентен, што им овозможува на учениците навремено да добијат повратна информација за своите постигања.<br><br>Континуитетот на ученичкиот успех се следи преку статистички анализи и извештаи што се изработуваат на тримесечно, полугодишно и годишно ниво. Овие податоци служат за евалуација на постигнувањата и идентификување на потребите за дополнителна поддршка.<br><br>Наставниците користат разновидни техники, форми и методи на оценување, кои се дел од нивната секојдневна практика. Процесот на оценување започнува со активностите на наставниот час, каде што формативното оценување има клучна улога. Тука се вклучени самооценување од страна на учениците, рефлексија од страна на наставникот, меѓусебна евалуација меѓу ученици, градење лични критериуми за учење, и пополнување и водење ученичко портфолио.<br><br>Овие алатки овозможуваат развој на самосвест кај учениците и поголема лична вклученост во процесот на учење.<br><br>Покрај формативното, наставниците користат и стандардизирани тестови како дел од сумативното оценување, при што секој тест има јасно дефинирани тежински нивоа за одредени категории на знаење. Секој внимателно одбран пристап кон оценувањето е насочен кон подобрување на ученичките постигнувања и поддршка на индивидуалниот развој.<br><br>За учениците со посебни образовни потреби, наставниците кои работат според индивидуализирани образовни планови (ИОП), во координација со инклузивните тимови, вршат оценување согласно со содржините и целите од прилагодените наставни програми.<br><br>Дополнително, наставниците ја користат информацијата добиена од оценувањето не само како начин за вреднување, туку и како средство за унапредување на наставното планирање и реализација. Тие успешно ги спроведуваат активностите од воспитно-образовната работа, и редовно ги вклучуваат учениците во целиот процес на оценување. Притоа, учениците се охрабруваат да размислуваат за сопствениот напредок, што |

| | | |
|---|---|---|
| | | влијае позитивно на нивната мотивација и чувство на одговорност.<br><br>Во зависност од резултатите на оценувањето, наставниците подготвуваат посебни планови за учениците кои имаат потреба од дополнителна или додатна настава, со цел да се постигне рамномерен напредок и да се овозможи секој ученик да го достигне својот потенцијал.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со родителите ги покажува следните резултати:**<br><br>„Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете.“- **47%- целосно се согласувам, 31,4%-се согласувам, 13,1%-не се согласувам.**<br><br>„Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати.“- **47,3%- целосно се согласувам, 44,2%-се согласувам.**<br><br>„Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.).“- **62,6%- целосно се согласувам, 32%-се согласувам.**<br><br>**Анализата од спроведената анкета со ученици ги покажува следните резултати:**<br><br>„Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена.“- **45,5%- целосно се согласувам, 37,8%-се согласувам.**<br><br>„Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена-.“ **42,8%- целосно се согласувам, 37,4%-се согласувам, 14,9%- не се согласувам.**<br><br>„Наставниците редовно ме известуваат за мојот напредок и постигнувања.“- **40,1%- целосно се согласувам, 36,9%-се согласувам, 17,6%- не се согласувам.**<br><br>„Наставниците ме пофалуваат за постигнатите резултати.“- **39,2%- целосно се согласувам, 39,2%-се согласувам, 15,8%- не се согласувам.** |

| | | |
|---|---|---|
| | | „Наставниците ми даваат насоки како поуспешно да учам."- **40,5%- целосно се согласувам, 36,5%-се согласувам, 15,8%- не се согласувам.**<br><br>**Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажува следните резултати:**<br><br>„Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.)."- **52,9%- целосно се согласувам, 44,3%-се согласувам.**<br><br>„Ги запознавам учениците со критериумите и стандардите за оценување." **65,7%- целосно се согласувам, 34,3%-се согласувам.**<br><br>„Применувам различни методи, форми и инструменти за оценување на учениците."- **65,7%- целосно се согласувам, 34,3%-се согласувам.**<br><br>„Давам повратна информација за нивниот напредок и постигнувања во учењето."- **77,1%- целосно се согласувам, 22,9%-се согласувам.**<br><br>„Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати."- **80%- целосно се согласувам, 20%-се согласувам.**<br><br>„На учениците им давам насоки како поуспешно да учат."- **82,9%- целосно се согласувам, 17,1%-се согласувам.** |
| **Индикатор 1.5 Вонаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Концепција за вонаставни активности во основното образование;<br><br>Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование;<br><br>Годишна програма за работа; | Обем и разновидност на планираните и реализираните вонаставни активности<br><br>Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со вонаставните активности<br><br>Вклученост на учениците во изборот и во планирањето | Училиштето во текот на цела учебна година планира и реализира разновидни вонаставни активности во зависност од потребите и интересите на учениците. Планот за вонаставните активности содржи голем избор на активности како и различни форми за вклучување на учениците со цел поддршка на нивниот личен и социјален развој. Во вонаставните активности во нашето училиште опфатени се: екскурзиите, секциите, општествено корисната работа (Еко акции, хуманитарни акции), активности поврзани со МИМО, работилници, ученички парламент, ученичките натпревари. Со Годишната програма за работа на училиштето се планираат колку и какви ученички екскурзии ќе се изведуваат, во согласност со Правилникот за |

| | | |
|---|---|---|
| Програми за вonнаставни активности;<br>Извештај од реализирани екскурзии;<br>Педагошка евиденција и документација;<br>Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>Анкети со наставници, родители и ученици;<br>Интервју со стручни соработници;<br>Записници од стручни активи и ученичка заедница;<br>Список на ученици вклучени во воннаставни активности;<br>Увид во интернет страницата, во програма на ТВ и радио, социјалните мрежи итн. | на работата во воннаставните активности<br>Натпревари | реализација на ученичките екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта и со добиено одобрение од БРО и општината.<br>Училиштето активно иницира и реализира различни хуманитарни активности со цел развивање на меѓусебна емпатија, солидарност и општествена одговорност кај учениците. Овие активности вклучуваат:<br>• **Собирни акции** за прибирање на храна, облека, училишен прибор и други потребни средства за социјално загрозени семејства или за поддршка на одредени хуманитарни цели;<br>• **Организирање на театарски претстави и приредби** со хуманитарен карактер, во чие подготвување и реализација се вклучени ученици, наставници и родители;<br>• **Хуманитарни базари**, на кои се продаваат изработки од учениците и родителите – како на пр. храна, ракотворби, уметнички дела – при што собраните средства се наменуваат за конкретна помош;<br>• **Доброволни прилози**, во кои учениците, родителите и вработените во училиштето можат да донираат средства или материјали за различни хуманитарни поводи.<br>Овие активности не само што имаат практична цел да помогнат таму каде што е најпотребно, туку истовремено придонесуваат кон изградба на етички вредности, човечност и социјална чувствителност кај учениците. Преку нив, учениците учат да бидат активни и одговорни членови на заедницата, да препознаваат туѓи потреби и да развиваат личен и колективен ангажман во надминување на социјалните разлики.<br>Училиштето се истакнува по континуирано и активно спроведување на еко-акции, кои се интегриран дел од воспитно-образовниот процес и од вкупната училишна култура. Преку голем број успешно реализирани активности – како што се засадување зеленило, собирање отпад, селекција на отпадни материјали, рециклирање, изработка на еко-изработки, чистење на училишниот и локалниот простор, тематски еко-дена и |

| | | |
|---|---|---|
| | | кампањи – учениците се охрабруваат да развиваат еколошка свест, чувство на одговорност и активен однос кон зачувување на животната средина.<br><br>Овие активности придонесуваат за:<br>• Јакнење на тимската соработка и иницијативност кај учениците;<br>• Поврзување на наставните содржини со практични и општествено корисни активности;<br>• Промовирање на одржливи практики и еко-вредности во целата училишна заедница.<br><br>Овој пристап придонесува училиштето да се профилира како еко-свесна и општествено одговорна образовна институција, која активно го поттикнува одржливиот развој.<br><br>Најголем број од учениците се вклучени во една и повеќе воннаставни активности за поддршка на личниот и социјалнио развој без оглед на нивниот пол, етничка припадност, нивните можности и способности.<br><br>Сите ученици се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат дел од воннаставните активности предложени од ученици. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура.<br><br>Учениците се вклучуваат и во натпревари според сопствен избор и желба. Наставниците ги насочуваат, поттикнуваат и подготвуваат учениците за натпревари. Изборот на ученици за натпревар се спроведува преку организација на училишни натпревари на ниво на генерација.<br><br>Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво од акредитирани здруженија или од меѓународно ниво како и во други активности со натпреварувачки карактер. Јавноста редовно се информира за постигнувањата на учениците на одржаните натпревари преку ФБ страната и веб страната на училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Анализата од спроведената анкета со родителите ги покажува следните резултати:**<br><br>„Воннаставните активности му помагаат на моето дете да се развие како личност.“- **51,2%- целосно се согласувам, 43,1%- се согласувам.**<br><br>„Преку овие активности, моето дете стекнува нови пријателства и учи тимска работа.“- **49,5%- целосно се согласувам, 45,9%-се согласувам.**<br><br>„Сите ученици имаат еднаков пристап до воннаставните активности.“- **47,3%- целосно се согласувам, 33,9%-се согласувам, 9,9- не се согласувам.**<br><br>„Моето дете е заинтересирано и мотивирано да учествува во воннаставните активности.“- **48,1%- целосно се согласувам, 42,8%-се согласувам.**<br><br>„Сметам дека училиштето ги вреднува и наградува учениците кои постигнуваат успеси на натпревари.“- **44,5%- целосно се согласувам, 44,2%-се согласувам.**<br><br>**Анализата од спроведената анкета со ученици ги покажува следните резултати:**<br><br>„Има различни видови активности (спорт, уметност, наука, технологија, друштвени активности) за да можам да изберам според моите интереси.“- **40,5%- целосно се согласувам, 35,1%-се согласувам, 14,9%- не се согласувам.**<br><br>„Термините и местото на активностите ми овозможуваат лесно да учествувам во нив.“.- **47,7%- целосно се согласувам, 33,3%- се согласувам, 12,2%- не се согласувам.**<br><br>„Преку воннаставните активности (манифестации, хуманитарни акции, секции и др.) и натпреварите учам нови вештини и стекнувам нови знаења.“- **42,3%- целосно се согласувам, 41,9%-се согласувам.**<br><br>„Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици.“- **46,4%- целосно се согласувам, 36,5%-се согласувам, 11,3%- не се согласувам.**<br><br>„Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам, според моите интереси.“- **40,1%-** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **целосно се согласувам, 29,7%-се согласувам, 21,6%- не се согласувам.**<br><br>„Преку овие активности стекнувам нови пријателства и развивам тимска работа.“- **45,5%- целосно се согласувам, 23,4%-се согласувам, 22,1%- не се согласувам.**<br><br>„Учеството во воннаставните активности е лесно и не ми создава премногу обврски.“- **45%- целосно се согласувам, 41%-се согласувам, 10,8%- не се согласувам.**<br><br>„Училиштето ме мотивира да учествувам во натпревари (локални, национални, меѓународни).“- **40,1%- целосно се согласувам, 30,6%-се согласувам, 20,3%- не се согласувам.**<br><br>„Училиштето ги признава и наградува учениците кои постигнуваат добри резултати на натпревари.“- **46,8%- целосно се согласувам, 40,5%-се согласувам.**<br><br>**Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажува следните резултати:**<br><br>„Сметам дека сите ученици имаат еднаков пристап до воннаставните активности.“- **60%- целосно се согласувам, 37,1%-се согласувам.**<br><br>„Сметам дека училиштето ги вреднува и наградува учениците кои постигнуваат успеси на натпревари.“ **67,1%- целосно се согласувам, 27,1%-се согласувам.** |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Поддршката и следењето на планирањата на наставниците играат клучна улога во обезбедување на ефикасна и квалитетна настава во училиштето. Поддршката која училиштето им ја дава на наставниците со цел креирање квалитетни и успешни планирања (годишни, тематски, неделни, дневни сценарија, личен план за професионален развој) се состои од обезбедување редовни обуки и семинари за наставниците за нови наставни методи, технологии и алатки, овозможување на професионален развој преку учество во конференции и работилници, обезбедување повратни информации на наставниците за нивната работа, со предлози за подобрување, работа на проекти и слично. Во училиштето се следат планирањата на наставниците преку соодветни процедури од страна на директорот и стручните соработници.

Наставниците разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручни активи, користат стручни искуства од различни медиуми и регионална соработка со други училишта.

Реализацијата на наставните планови и програми е сложен процес кој бара високо ниво на подготовка, креативност, флексибилност и континуирано следење. Наставниците играат клучна улога во претворањето на теоретските цели во практична реалност, обезбедувајќи им ги на учениците неопходните знаења и вештини за понатамошен успех. Наставните планови и програми во целост се реализираат од страна на соодветен наставен кадар.

Училиштето нуди широк дијапазон на разновидни слободни изборни активности и предмети, односно слободни изборни предмети од различните категории коишто се подредени на интересите на учениците, согласно нивната возраст и актуелните потреби. Нивниот избор се врши согласно пропишаната процедура од МОН и БРО за избор на изборен наставен предмет.

Во училиштето внимателно се одбираат и интегрираат задачите, активностите и ресурсите како би се создала ангажирачка и ефективна наставна средина која ќе ги поддржи учениците во нивниот развој и учење. Изборот на задачите, активности и ресурси наставниците го приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците според тежински нивоа. Наставниците користат најразлични современи приоди, методи и техники во наставата.

Училиштето негува одлична интеракција меѓу наставниците и учениците преку отворена комуникација - учениците се охрабруваат да поставуваат прашања и да изразуваат свои мислења, активно слушање, повратни информации - обезбедување редовни и конструктивни повратни информации за напредокот на учениците, поддршка од страна на наставниците- препознавање на потребите на учениците и нудење помош, особено за оние кои имаат потешкотии или специфични потреби. Наставниците се однесуваат кон учениците со прифаќање, почитување, соработка, мотивација и разбирање. Интеракцијата меѓу учениците е на солидно ниво со тенденција за нејзино подобрување преку организирање на групни активности, односно вклучување на учениците во групни проекти и активности кои ги поттикнуваат на соработка, комуникација и тимска работа.

Во училиштето се реализира образовна инклузија. Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со одлука на директорот на училиштето. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП со сите наставни предмети, согласно законска регулатива. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Со учениците со ПОП се реализира настава и вонннаставни активности според ИОП или модифицирана програма во согласност со препораките на МКФ.

Тимот за училишна интеграција (ТУИ) го спроведува акцискиот план за следење на реализација на активностите на МИМО планирани во ГПРУ, проектни активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, мотивирачка, инклузивна и интеркултурна средина што поттикнува интерес за учење.

Учениците сметаат дека на начинот на кој се учи во најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање на проблеми во реалниот живот.

Најголем дел од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци од она што го учат. Наставниците даваат пофални коментари за активностите на учениците и користат различни начини за да ги мотивираат учениците.

Наставниците и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за да ги задоволат потребите и да се отстранат пречките при учење. Најголемиот број наставници заедно со стручните соработници во процесот при учење користат различни интерактивни техники, со што овозможуваат на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.

Училишна политика за оценување има за цел да обезбеди транспарентност, фер и конзистентност во процесот на оценување и да ги поддржи учениците во нивното академско и лично развивање: задачите, тестови и активности се оценуваат според однапред дефинирани и познати критериуми, оценувањето се изведува преку различни инструменти за оценување. Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.

Наставниците користат информации кои се добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата како и реализирањето на наставата.

Училиштето планира и реализира разновидни вонннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Активно иницира и реализира различни хуманитарни активности – како што се собирни акции, театарски претстави, хуманитарни базари за храна и ракотворби на учениците и родителите, доброволни прилози и слично – со цел развивање на меѓусебна емпатија, солидарност и чувствителност кон потребите на другите. Истовремено, преку спроведување на голем број еко-акции и иницијативи, учениците се вклучуваат во активности што придонесуваат за развивање на еколошка свест и промовирање на одговорно, одржливо однесување кон животната средина. Во нив опфатени се ученици од различен пол и возраст.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво од акредитирани здруженија или од меѓународно ниво како и во други активности со натпреварувачки карактер. Јавноста редовно се информира за постигнувањата на учениците на одржаните натпревари преку ФБ страната и веб страната на училиштето.

**Силни страни**

- Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамките на стручните активи од различни медиуми, од соработка со други училишта, меѓународни искуства и друго.
- Во наставата се користат различни ресурси и наставниците имаат современ приод во реализацијата на наставните планови и програми.
- Училиштето иницира и спроведува хуманитарни акции (собирни акции, театарски претстави, хуманитарни базари за храна и изработки на учениците и родителите, доброволни прилози и сл.) со цел да се подигне свеста кај учениците за меѓусебна емпатија и солодарност.
- Развиената еколошка свест кај учениците, постигната преку нивно активно вклучување во бројни еко-акции и иницијативи кои промовираат одговорно и одржливо однесување.
- Мултикултурната, родовата и етничката различност се препознава, се почитува и негува и училиштето гради политика на меѓуетничка интеграција на младите во образованието така што голем дел од учениците биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури.
- Поголемиот дел од учениците се чувствуваат сигурни и безбедни во училиштето.

| |
|---|
| - Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците и ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на учениците.<br>- Наставниците применуваат различни методи, форми и инструменти за оценување на учениците, учениците се запознаени со критериумите и стандардите за оценување и редовно се вклучени во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.).<br>- Учениците активно учествуваат на натпревари и конкурси, под менторство на наставниците и постигнуваат високи резултати.<br>- Училиштето ги промовира учениците кои постигнуваат високи резултати. |
| **Слаби страни**<br>- Постојната политика за оценување не е ревидирана и недостасува јасно дефиниран кодекс за оценување на учениците.<br>- Недоволната искористеност на можностите за информирање на родителите за постигнувањата на учениците.<br>- Слаб интерес на родителите за постигнувањата на учениците. |
| **Приоритети**<br>- Ревидирање и унапредување на политиката за оценување, со вклучување на посебно дефиниран и јасно структуриран кодекс за оценување.<br>- Унапредување и интензивирање на комуникацијата помеѓу наставниците и родителите. |

**Самоевалуација на училиштето ООУ „Блаже Конески“ – Велес** **Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишен извештај од работата на училиштето;<br><br>Класификациони извештаи од работата на училиштето;<br><br>Записници од Одделенски и Наставнички совети; | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците по пол и јазик на наставата по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. На Одделенските совети, според претходно утврдена пишана Процедура, училиштето располага со податоци за постигнувањата на учениците според пол, етничка припадност, наставни предмети и квалификационен период (во учебната 2023/24, 2024/25).<br><br>Изработени се прегледи за успехот по пол и етничка припадност, но бидејќи бројот на ученици од други етнички заедници е незначителен нивниот успех не влијае на општиот успех на училиштето.<br><br>Училиштето располага со податоци за постигнувањето на учениците по сите наставни предмети. |

Анкети со наставници, родители и ученици;

Споредбени прегледи и анализи за успехот, редовноста и поведението на учениците (табели, графикон);

Увид во педагошка евиденција и документација;

Итервју со стручна служба и увид во нивнат евиденција;

**Табеларен преглед на успехот на учениците за крајот на учебната 2023/2024 и 2024/2025 година**

| Учебна год. | Одлични | | Мн.добри | | Добри | | Доволни | | Со 1 или 2 слаби | | Повтор. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **2023/24** | 245 | 275 | 100 | 58 | 38 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **во %** | 72,15% | | 21,94% | | 5,91% | | 0% | | 0% | | 0% | |
| **2024/25** | 249 | 263 | 86 | 41 | 33 | 12 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| **во %** | 74,44% | | 18,46% | | 6,5% | | 0,3% | | 0% | | 0,3% | |
| **Споредбена анализа-Промена** | +2,29% | | -3,48% | | +0,59% | | +0,3% | | 0% | | +0,3% | |

| Учебна година | Среден успех |
|---|---|
| **2023/2024** | 4,56 |
| **2024/2025** | 4,55 |

**Средниот успех останува висок и стабилен**, со минимално намалување од **0,01** поени, што е статистички занемарливо и не укажува на значајно опаѓање на квалитетот на наставата или ученичкиот труд. Континуираното задржување на средниот успех над 4,50 укажува на постојана ангажираност од страна на наставниот кадар, добра подготовка на учениците и поддршка од родителите.

Малата промена може да се припише на:

- Природни варијации во генерацијата на ученици,
- Мала промена во критериумите за оценување,
- Вклучување на поголем број ученици со различни потреби и профили.

**Табеларен преглед на поведение на учениците на крајот од учебната 2023/2024 и 2025/2026 година**

| Поведение | | | |
|---|---|---|---|
| Учебна година | Примерно | Добро | Незадоволително |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2023/2024 | 1068 | 0 | 0 |
| 2024/2025 | 1001 | 7 | 0 |

В**о двете учебни години нема ученици со незадоволително поведение**, што е многу позитивен показател за дисциплината и културата во училиштето. Во учебната 2024/2025 година, бројот на ученици со **примерно поведение се намалил од 1068 на 1001**, а **7 ученици добиле „добро“ поведение**, што укажува на мали отстапувања во однесувањето кај одредени ученици. Преминот на дел од учениците од „примерно“ во „добро“ поведение сугерира појава на дисциплински отстапувања од помал обем, кои веројатно не се сериозни, но бараат следење и соодветна педагошка реакција.

**Табела со среден успех по предмети за последните пет учебни години**

| ПРЕДМЕТИ | Среден успех 2020/2021 | Среден успех 2021/2022 | Среден успех 2022/2023 | Среден успех 2023/24 | Среден успех 2024/2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 4,54 | 4,28 | 4,35 | *4,38* | *4,39* |
| Англиски јазик | 4,41 | 4,21 | 4,27 | *4,24* | *4,25* |
| Германски јазик | 4,67 | 4,26 | 4,31 | *4,33* | *4,41* |
| Руски јазик | 3,89 | 4,38 | 4,25 | *#VALUE!* | *#VALUE!* |
| Француски јазик | 5 | 4 | 2 | *3,33* | *3,00* |
| Математика | 4,53 | 4,26 | 4,33 | *4,36* | *4,41* |
| Историја | 4,42 | 4,18 | 4,2 | *4,27* | *4,23* |
| Географија | 4,56 | 4,31 | 4,21 | *4,16* | *4,25* |
| Граѓанско образ. | 4,58 | 4,16 | 4,27 | *4,57* | *4,52* |
| Биологија | 4,4 | 4,32 | 4,35 | *4,25* | *4,27* |
| Физика | 4,55 | 4,41 | 4,46 | *4,33* | *4,46* |
| Хемија | 4,33 | 4,13 | 3,74 | *3,60* | *4,06* |
| Природни науки | 4,74 | 4,47 | 4,57 | *4,54* | *4,57* |
| Раб.со компјут. | 4,9 | 4,95 | | *4,59* | *#VALUE!* |
| Етика | 4,58 | 4,99 | 5 | *4,98* | *4,98* |
| Општество | 4,73 | 4,72 | | *4,13* | *4,34* |
| Историја и општ. | | | 4,55 | *4,72* | *4,65* |
| ТО | 4,84 | 4,32 | 4,67 | *4,89* | *4,88* |
| Информатика | 4,74 | 4,64 | 4,55 | *4,43* | *4,62* |
| Музичко образ. | 4,87 | 4,8 | 4,82 | *4,92* | *4,83* |
| Ликовно образ. | 4,95 | 4,93 | 4,93 | *4,97* | *4,95* |
| ФЗО | 4,92 | 4,94 | 4,97 | *4,94* | *4,99* |
| Иновации | 4,96 | 4,88 | 4,94 | *4,89* | *4,96* |
| **ИЗБОРНИ** | **ИЗБОРНИ** | **ИЗБОРНИ** | **ИЗБОРНИ** | | |
| Изборен 1 | 4,84 | 4,89 | 4,88 | *5,00* | *4,94* |
| Изборен 2 | 4,96 | 4,87 | 5 | *5,00* | *4,96* |
| ТО | 4,32 | 4,32 | 4,75 | *4,89* | *4,53* |
| Вешт.на живеење | 4,96 | 4,96 | 4,89 | *4,91* | *4,96* |
| Истраж.на род.крај | 5 | | | *#VALUE!* | *#VALUE!* |
| Спорт | 5 | 5 | 5 | *5,00* | *5,00* |
| Проек.од информ. | 4,93 | 5 | 4,85 | *4,99* | *5,00* |
| Програмирање | 5 | | | *4,99* | *4,88* |
| Математичко логичко ре./Изборен | | 4,66 | | *4,87* | *4,74* |
| **Σ** | **4,68** | **4,53** | **4,48** | *4,56* | *4,55* |

| | | |
|---|---|---|
| | Резултати од екстерни тестирања | Училиштето активно учествуваше во лонгитудиналното главно тестирање од меѓународната студија ТИМСС 2023, спроведено од Државен испитен центар во учебната 2022/2023 на примерок на ученици од четврто одделение, како едно од 150 основни училишта кои се опфатени со оваа студија. Во учебната 2023/2024 година, меѓународното тестирање се спроведе на истите ученици (во петто одделение) со цел проверка на напредокот на нивните знаења. Тестирањето се изврши во дигитална форма по предметите природни науки и математика, во траење од 3 часа. Во учебната 2022/20023 година тестирањето се одржа на 6.4.2023 година. Беа тестирани вкупно 45 ученика. Во повторената студија во учебната 2023/2024 година тестирањето се изврши на 17.5.2024 година и се тестирани 42 ученика. Писмено беа анкетирани, учениците кои беа тестирани, нивните родители/стратели, а електронски беа анкетирани одделенските наставници на паралелките, предметните наставници по природни науки кои предаваат во тестираните паралелки и директорот на училиштето.<br><br>Во текот на учебната 2023/2024 година нашето училиште исто така беше вклучено во државно тестирање на ученици од петто одделение, каде учениците што се тестираа беа случаен избор од редниот број на е – дневникот. Тестирањето се изврши во писмена форма по наставните предмети мајчин јазик на 12.6.2024 и математика на 13.6.2024 година со времетрање од 3 часа. Писмено беа анкетирани одделенските наставници, учениците што беа тестирани, нивните родители/старатели и директорот на училиштето.<br><br>Училиштето нема добиено повратна информација за постигањата на учениците за двете тестирање кои беа спроведени (по предметите природни науки и математика и по предмети мајчин јазик и математика). |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Во текот на образовниот процес, во редовната настава наставниците и стручните соработници ги идентификуваат ученици со тешкотии во учењето, учениците со попреченост, како и надареност на учениците. Стручните соработници во месец октомври даваат инструмент на наставниците за првична идентификација на учениците со тешкотии во учењето и социо-емоционални потешкотии. Тие по сопствена процена од постигнувањата на ученикот ги идентификуваат овие ученици. Стручните соработници изготвуваат план за работа со учениците со тешкотии во учењето и социо-емоционални потешкотии, а потоа секој стручен соработник во својата област индивидуално работи со ученикот и дава континуирани насоки на наставникот за работа со ученикот. Учениците со попреченост се идентификуваат при запишување во прво одделение, преку опсервација и разговор со детето, како и информативно |

| | | |
|---|---|---|
| | | консултативен разговор со неговите родители/старатели, за што се бара и мислење од проценка на функционалните способности, од стручното тело за проценка според МКФ или медицинска потврда (наод и мислење) од компетентни институции. За поддршка во учењето на учениците со попреченост се следат насоките дадени од специјалниот едукатор и рехабилитатор во училиштето, а тие се усогласени со целите/резултатите дадени во проценката на Стручното тело според МКФ. Во континуитет се работи со учениците со попреченост преку индивидуална едукација и рехабилитација со цел подобрување на постигнувањата на овие ученици секако во рамките на нивните можности и способности и нивна поголема вклученост во вонаставните активности и училишниот живот. Специјалниот едукатор и рехабилитатор соработува со родители на учениците со цел заедничко делување во подобрување на функционалните способности на учениците со попреченост. Со учениците со попреченост работат образовни асистенти кои училиштето во соработка со ОУРЦ „Маца Ѓ.Овчарова“ ги обезбедува за директна поддршка на ученикот во воспитно-образовниот процес во училница. Надарените ученици наставниците ги вклучуваат во додатна настава и различни вонаставани активности за кои тие пројавуваат особен интерес. Овие ученици се охрабруваат и мотивираат да се пријавуваат најнапред на училишните натпревари, а потоа за оние кои постигнале успех и на општински, регионални, државни и меѓународни натпревар. Надарените ученици училиштето преку јавни медиуми ги пофалува, а најистакнатите од нив ги наградува. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Известувањето на родителите/старателите, во учебната 2022/2023 и 2023/2024 учебна година, за постигањата на учениците во училиштето и во вонаставните активности се врши на различни начини. Известувања за постигањата родителите/старателите добиваат преку задолжителни родителски состаноци кои се одржуваат редовно после секој класификационен период. Во текот на годината се одржуваат повеќе состаноци за успехот, редовноста, поведението и напредокот на учениците, информативен состанок на почетокот на учебната година, каде родителите/старателите се информираат за наставната програма, наставниот кадар како и за критериумите за оценување и вреднување на постигањата на учениците, изготвени согласно насоките и програмите од БРО. Сите овие родителски состаноци се одржуваат согласно однапред изготвена програма за родителски состаноци од страна на одделенските раководители. За секој одржан состанок се изготвува записник во е-дневникот, и се доставува информација во електронска форма до стручната служба на училиштето. Известувањето на родителите/старателите е евидентирано на посебни списоци за присутност на состанокот, кои ги изготвуваат одделенските |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставници. Известувањето се врши и преку Совет на родители и со табеларни прикази на постигањата на учениците од страна на стручната служба. Според потребите за согледувања на постигањата на учениците се одржуваат и посебни (додатни) родителски состаноци според потребите на паралелката и истите се евидентират во е-дневник и во електронска форма. Известувањата се вршат и индивидуално со покана на родителот/старателот во училиштето, каде подетално се согледуваат постигањата на поедини ученици, а потоа во забелешка се евидентираат во е-дневникот каде се наведува датумот на остварената индивидуална средба со родителот/старателот.<br><br>Известување за успехот, редовноста, поведението и напредокот на учениците се врши и преку индивидуални разговори со родителот и наставникот, од било кој предмет согласно однапред направен распоред на почетокот на учебната година за приемни денови во училиштето.<br><br>Постигањата на учениците родителот/старателот може редовно да ги следи во е-дневникот, преку секојдневно внесување на оценки, усно и писмено оценување и евидентни листови. Постигањата се следат и преку различни методи на сумативно и формативно оценување, наставни листови, контролни тестови, тематски тестови, писмени, истражувачки активности и сл. Сите овие докази се собираат во ученичко портфолио кое стои кај наставникот и може да биде достапно на увид во секој момент за целокупниот напредок на ученикот на сите релевантни фактори во училиштето и на родителите/старателите. Известувањата се вршат често со формативни методи во фази на подучување, со секојдневно следење на ученикот и разни чек листи и други наставни материјали за оценување и самооценување. |
| **Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишен извештај од работата на училиштето;<br>Класификациони извештаи од работата на училиштето;<br>Записници од Одделенски и Наставнички совети; | Редовност во наставата | Редовноста на учениците систематски се следи во училиштето од страна на одделенските раководители, стручната служба, предметните наставници. Во врска со ова, одделенските раководители во соработка со стручната служба на училиштето по потреба ги повикува на индивидуален разговор родителите кои поради оправдани или не оправдани причини нивното дете подолго отсуствуваат од училиште, со цел нивно информирање и преземање на соодветни чекори за подобрување на редовноста. Во училиштето има Постапка за регулирање на отсуство на ученик изготвена во согласност со Законот за основно образование. |

<table>
<tr>
<td rowspan="2">Анкети со наставници, родители и ученици;<br>Споредбени прегледи и анализи за успехот, редовноста и поведението на учениците (табели, графикон);<br>Увид во педагошка евиденција и документација;<br>Интервју со стручна служба и увид во нивнат евиденција;</td>
<td></td>
<td>
Табела за редовноста на учениците во наставата во учебната 2023/2024 и 2024/2025 година
<table>
<tr><th>Учебна година</th><th>Оправдани</th><th>Неоправдани</th><th>Вкупно</th></tr>
<tr><td>2023/2024</td><td>31288</td><td>220</td><td>31508</td></tr>
<tr><td>2024/2025</td><td>36123</td><td>153</td><td>36276</td></tr>
</table>
Просек по ученик на оправдани и неоправдани изостаноци
<table>
<tr><th>Учебна год.</th><th>Оправдани</th><th>Просек по ученик</th><th>Неоправдани</th><th>Просек по ученик</th></tr>
<tr><td>2023/2024</td><td>31288</td><td>29,3</td><td>220</td><td>0,2</td></tr>
<tr><td>2024/2025</td><td>36123</td><td>35,8</td><td>153</td><td>0,2</td></tr>
</table>
Зголемен е бројот на отсуства на учениците за 4768 часови или приближно за 15,13% што може да се должи на: поголем број боледувања, подолги оправдани отсуства (семејни причини, патувања) или попрецизно евидентирање и документирање на отсуствата.<br><br>
Намалени се неоправданите отсуства, што укажува на подобрена комуникација со родителите и поголема одговорност кај учениците. Се почитуваат процедурите за оправдување на отсуства, што ја зголемува дисциплината и транспарентноста во работењето на училиштето.
</td>
</tr>
<tr>
<td>Советување на родители/старатели и ученици</td>
<td>Советувањето на родителите се врши според Законот за основно образование и Програмата за советување на ученици и родители. Советувањето на родители/старатели и ученици е важен процес кој има за цел да го поддржи развојот на учениците, да го подобри нивното учење и емоционално здравје, како и да ја зајакне соработката меѓу семејството и училиштето.<br><br>
Во учебната 2023/2024 година со Програмата „Советување на родители“ беа опфатени 20 родители и ученици. Со оваа Програма се опфаќаат родителите на учениците кои имаат 3 или повеќе недоволни оценки, ученици со повеќе од десет неоправдани изостаноци, како и ученици кои манифестираат несоодветно однесување.<br><br>
Во учебната 2024/2025 година со Програмата „Советување на родители“ беа опфатени 21 родители и ученици. Од нив 14 родители и ученици беа советувани поради 3 или повеќе недоволни оцени, а 7 родители и ученици беа советувани поради несоодветно однесување.</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Редовната настава во континуитет се унапредува со нови техники, методи и форми на работа, преку проекти, истражувања и изработки, користење на разни алатки во наставата, формативното оценување и сл. Редовно се вршат анализи за постигањата на учениците по класификациони периоди по сите наставни предмети. Добиените извештаи даваат насоки за понатамошната работа со учениците на часовите од редовна и дополнителна настава.<br><br>Уште во месец септември секој наставник прави идентификација на ученици на кои им е потребна дополнителна настава. На идентификуваните ученици, родителите добиваат известување, а за нивната редовност и постигнувања наставникот води континуирана евиденција. Наставниците изготвуваат годишен план за реализација на дополнителна настава.<br><br>За учениците од шесто, седмо, осмо и деветто одделение училиштето на месечно ниво изготвува распоред за дополнителна настава и го истакнува на огласна табла и веб страна на училиштето.<br><br>Наставниците кои предаваат на учениците од петто одделение, кои следат настава по новата Концепција за основно образование, дополнителна настава изведуваат во рамките на петчасовен престој во училиштето.<br><br>Наставниците кои предаваат на учениците од второ, трето и четврто одделение, кои следат настава по новата Концепција за основно образование, дополнителна настава изведуваат во рамките на целодневниот престој во училиштето.<br><br>Наставниците индивидуално ги информираат родителите за присуството и напредокот на нивното дете. Наставниците водат евиденција и користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците.<br><br>Со редовност на часовите по дополнителната настава кај учениците се подобрува успехот.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со родителите ги покажува следните резултати:**<br><br>- 51,6% од родителите се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **Од училиштето добиваат насоки за подобрување на успехот и однесувањето на нивното дете**, со „се согласувам“ се изјасниле 41,3%, со „не согласувам“, „целосно не се согласувам“ и со „не знам не сум информиран“ се изјасниле помалку од 8%. |

| | | |
|---|---|---|
| | | - 65,7% од родителите се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **Континуирано се информирани за редовноста на нивното дете**, со „се согласувам“ се изјасниле 33,6%, „не се согласувам“ и „целосно не се согласувам“ и со „не знам не сум информиран“ се изјасниле 0,7%.<br><br>- 52,7% од родителите се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **На нивното дете во училиштето му е овозможено дополнителна и додатна настава доколку има потреба од тоа**, „се согласувам“ се изјасниле 37,5%, со „ се согласувам“, „не се согласувам“, „целосно не се согласувам“ и со „не знам не сум информиран“ се изјасниле 9,8%.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажува следните резултати:**<br><br>- 55,7% од наставниците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека наставникот **Успева да ги идентификува учениците со тешкотии во учењето** со „се согласувам“ се изјасниле 44,3%, со „не се согласувам“, „целосно не се се согласувам“ и „не знам не сум информиран“ 0%.<br><br>- 68,6% од наставниците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **Успеваат да ги идентифукуваат надарените ученици**, со „се согласувам“ се изјасниле 31,4%, со „не се согласувам“, „целосно не се се согласувам“ и „не знам не сум информиран“ 0%.<br><br>- 48,6% од наставниците се изјасниле со „ се согласувам“ дека **Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигнувањата на своето дете**, со „ целосно се согласувам“ се изјасниле 37,1%, со „не се согласувам“одговориле 14,3%, со „целосно не се се согласувам“ и „не знам не сум информиран“ 0%.<br><br>-58,6% од наставниците се изјасниле „целосно се согласувам“ дека **На родителите им даваат јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето**, 41,4% се изјасниле со „се согласувам“ а со „не се согласувам“, „целосно не се се согласувам“ и „не знам не сум информиран“ 0%.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со ученици ги покажа следните резултати:**<br><br>- 47,7% од учениците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **Нивните родители/старатели континуирано се известуваат за нивниот напредок на училиште**, „се согласувам“ се изјасниле 44,6%, со „не се согласувам“, „ целосно не се согласувам“ и „не знам не сум информиран“ се изјасниле 7,7%. |

| | | |
|---|---|---|
| | | - 45,5% од учениците се изјасниле со „се согласувам“ дека **Наставниците постојано ги поттикнуваат на подобрување на нивниот успех**, со „целосно се согласувам“ се изјасниле 34,7%, со „не се согласувам“ 15,3% а со „целосно не се согласувам“ и со „не знам не сум информиран“ се изјасниле 4,5%.<br>- 45,9% од учениците се изјасниле со „се согласувам“ дека **наставниците организираат дополнителна настава доколку учениците не можат да го совладаат материјалот**, 36,5% со „целосно се согласувам“, 11,7% со „не се согласувам“ а со „целосно не се согласувам и со „не знам не сум информиран“ 5,9%<br>-33,3% од учениците одговориле со „се согласувам“ дека **Доколку по некој предмет сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите, наставниците организираат додатни часови**, со „целосно се согласувам“ одговориле 31,1% со „не се согласувам“ 20,7% со „не знам не сум информиран“ 9,5% а со „целосно не се согласувам“ 5,4% |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. Постигањата на учениците континуирано се следи и евидентира.

Училиштето не врши систематска анализа на резултатите од државното тестирање, ниту на податоците од меѓународните оценувања, бидејќи не добива навремена и структуирана повратна информација за постигањата на учениците. Оваа состојба оневозможува споредба на постигнувањата со други училишта на национално или меѓународно ниво, што претставува пречка за реална проценка на ефективноста на наставата и за планирање на активности за унапредување на ученичките резултати.

Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост се идентификуваат и добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води, евидентни листови, свидетелства и додаток на свидетелства, како и индивидуални средби со родители за време на приемни денови.

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Редовноста одделенските раководители ја ажурираат во е-дневник. Родители чии деца имаат голем број на изостаноци се упатуваат на советување. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу две интегрални евалуации е помал од пет по ученик. Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории, кои даваат резултати.

| |
|---|
| Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Советувањата на родители/старатели резултираат со подобрување на постигањата на учениците. Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето.<br><br>Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Редовно се вршат анализи за постигањата на учениците по класификациони периоди по сите наставни предмети. Добиените извештаи даваат насоки за понатамошна работа со учениците на часовите од редовна и дополнителна настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на огласна табла. |
| **Силни страни**<br>- Вторник и четврток отворени денови за родителите.<br>- Се анализираат причините за изостаноци и се преземаат мерки, особено за учениците од ранливи категории.<br>- Наставниците користат различни техники и стратегии за подобрување на постигнувањата. |
| **Слаби страни**<br>- Недостиг на утврдена процедура за идентификација, поддршка и работа со надарени ученици и ученици со тешкотии во учењето. |
| **Приоритети**<br>- Изготвување на процедура за идентификација, поддршка и работа со надарени и ученици со тешкотии во учењето. |

**Самоевалуација на училиштето ООУ „Блаже Конески“ – Велес** **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Статут на училиштето;<br><br>Правилник за изрекување на педагошки мерки;<br><br>Извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите и со претставниците на локалната заедница;<br><br>Годишна програма за работата на училиштето; | Углед/имиџ на училиштето<br>Кодекс на однесување<br>Училишна клима<br>Поведение и дисциплина во училиштето<br>Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Нашето училиште ужива висок углед во локалната заедница, што се должи на квалитетната настава и богатата понуда на воннаставни активности. Го препознаваат како реномирана воспитно-образовна институција, што го потврдува и големиот интерес за упис на ученици. Бројните награди и признанија сведочат за успешното остварување на мисијата и визијата на училиштето.<br><br>Посветени сме на создавање инклузивна, безбедна и поддржувачка средина, каде што се почитуваат родовата еднаквост, мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција. Активното учество на учениците и родителите во училишниот живот е клучен фактор за неговиот углед. Раководството, |

| | | |
|---|---|---|
| Извештај за работата на училиштето (годишен и квартален);<br><br>Записници од Совет на родители;<br><br>Записници од Ученички парламент;<br><br>Записници на стручната служба од<br><br>разговори со родители;<br><br>Куќен ред на училиштето;<br><br>Распоред на дежурства;<br><br>Програма и правилник за работа на ученичкиот парламент;<br><br>Извештаи од реализирани ученички иницијативи; | | наставниот кадар, учениците и родителите со заедничка соработка придонесуваат кон подигнување на угледот на училиштето.<br><br>Училиштето ги промовира постигнувањата на учениците и воннаставните активности преку официјалната Facebook страница, веб-страницата и локалните медиуми.<br><br>Во училиштето се применуваат повеќе кодекси на однесување:<br><br>• Кодекс за наставниот кадар,<br>• Кодекс за учениците,<br>• Кодекс за родителите.<br><br>Овие документи ги дефинираат принципите и правилата на однесување за сите членови на училишната заедница. Тие се изработени со учество на претставници од сите структури и строго се почитуваат. Доколку дојде до прекршување на правилата, училиштето презема соодветни мерки согласно пропишаните процедури.<br><br>Учениците и родителите се запознаваат со Кодексот на почетокот на учебната година односно уште на првата родителска средба, а содржината на кодексот е истакната на видливи места во училиштето и објавена на веб-страницата.<br><br>Нашето училиште гради позитивна училишна клима преку конструктивен дијалог и взаемно почитување. Односите „наставник-ученик“, „наставник-родител“ и „ученик-ученик“ се темелат на соработка и разбирање. Училиштето има рамноправен третман на сите ученици, без разлика на нивните способности, пол, етничка припадност или потекло.<br><br>Професионалната соработка меѓу вработените е на високо ниво, тие работат тимски во разни наставни и воннаставни активности.<br><br>За подигнување на безбедноста и спречување на врсничкото насилство Училиштето има изготвено Протокол за превенција од насилство, ангажирано Агенција за обезбедување, спроведување на дежурства за време на одморите од страна на наставниците, како и реализирани предавања за безбедност и превенција од насилство. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Поведението и дисциплината во училиштето имаат голема улога во реализацијата на воспитно-образовната работа и во целокупната работа на училиштето. Во насока на изградување и одржување на истото во училиштето постои заложба од страна на наставниците и стручната служба. За време на одморите наставниците реализираат дежурства во ходниците на училиштето врз основа на претходно направен распоред на дежурства.<br><br>Со учениците од почетните одделенија преку реализација на наставни содржини во редовната настава (различни работилници, текстови со соодветна содржина) се влијае на поставување и прифаќање на правилата на однесување како и формирање на личноста на ученикот.<br><br>Најголем број од учениците се запознати со последиците доколку не ги почитуваат правилата на однесување. Најголем дел од родителите се согласуваат дека училиштето се залага за одржување на редот и дисциплината во училиштето<br><br>Во училиштето постои и се применува Правилник за изрекување на педагошки мерки. Училиштето реализира средби со родители во ситуации на промена на однесувањето на учениците и непочитување на правилата на однесување.<br><br>По изрекувањето на одредена мерка се работи на подобрување на однесувањето со тим за поддршка.<br><br>Во овој период е забележано почесто изрекување на педагоши мерки на ученици од предметна настава (учебна 2023/2024 – 29 педагошки мерки, учебна 2024/2025 27 педагошки мерки). Училиштето смета дека организирањето на работилници со родители, позитивно ќе влијае на дисциплината и поведението на учениците, како и на превенција за намалување на бројот на изречени педагошки мерки.<br><br>Училишниот парламент работи непречено во реализирање на својот план за работа. Во него транспарентно се вклучени ученици од сите одделенија. За работата на парламентот постојат записници од одржани состаноци. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Парламентот учествува во давање предлози и иницијативи за подобрување на работата на училиштето. Досега има реализирано неколку свои иницијативи.<br><br>Претставници од училишниот парламент учествуваат на состаноци на Училишниот одбор, доколку за тоа има потреба соодветно на дневниот ред за работа на истиот.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со наставниците ги покажува следните резултати:**<br><br>**„Имам учествувано во изработка/ажурирање на Кодексот на однесување во училиштето .“** - целосно се согласувам 31,4%, се согласувам 55,7% и не се согласувам 8,6%.<br><br>„**Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување.“** - целосно се согласувам 47,1%, се согласувам 51,4%.<br><br>**„Примената на Кодексот на однесување има позитивно влијание на училишната дисциплина.“** - целосно се согласувам 44,3%, се согласувам 54,3%.<br><br>„**Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка.“** - целосно се согласувам 45,7%, се согласувам 50%.<br><br>**„За време на моите часови има добра работна атмосфера“** целосно се согласувам 67,1%, се согласувам 32,9%.<br><br>**„Добро соработувам со колегите во училиштето.“** - целосно се согласувам 58,6%, се согласувам 40%.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со родителите ги покажува следните резултати:**<br><br>**„Запознаен сум со Кодексот на однесување.“** - целосно се согласувам 64,7%, се согласувам 33,9%.<br><br>**„Имам можности на родителски средби или преку Совет на родители да дадам предлози и сугестии за развој или ажурирање на содржината на Кодексот на однесување.“** - целосно се согласувам 52,3%, се согласувам 42,8%.<br><br>**„Моето дете сака да оди на училиште.“** - целосно се согласувам 61,8%, се согласувам 32,9%. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **„Училиштето се залага за одржување на редот и дисциплината.“** - целосно се согласувам- 49,1%, се согласувам 44,2%.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со учениците ги покажува следните резултати:**<br><br>**„Нашите предлози и мислења како ученици, преку ученичка заедница и Ученички парламент се слушаат и земаат во предвид од страна на училиштето.“** - целосно се согласувам 27,9 %, се согласувам 40,5 %, не се согласувам 12,2% и не знам не сум информиран 16,2 %. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкетни прашалници со ученици, родители и наставници;<br><br>Годишен извештај за работа на училиштето;<br><br>Полугодишен извештај за работа на училиштето;<br><br>Годишни планирања по наставните предмет по животни вештини;<br><br>Оперативен план за наставен час;<br><br>Записници од ученички парламент;<br><br>Меморандуми за соработка со здруженија на граѓани и невладини организации; | Познавање и почитување на правата на децата<br><br>Еднаков и правичен третман на сите ученици | Познавањето и почитувањето на детските права е еден од приориотетите на училиштето и се застапени во сите сфери од работата на училиштето. Уште на почетокот на образованието, учениците се запознаваат со своите права преку свечен прием на првачињата во Детската организација, а потоа и преку различните наставни и вонннаставни активности што се организираат од страна на училиштето. Нашето училиште има изготвено Политика за заштита на правата на децата, ученици во училиштето и води грижа таа да се почитува, и сите ученици да се чувствуваат пријатно и прифатено, како од страна на наставниците така и од страна на соучениците. Најголем дел вработени, ученици, ученичкиот правобранител во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата, а во случај на нивно непочитување и нарушување се превземаат соодветни мерки за заштита. Училиштето се вклучува во проекти, работилници и обуки за детските права во кои се вклучени родители, ученици и наставници.<br><br>Без разлика на полот, етничката припадност, социјалниот статуст и способностите, учениците се подеднакво прифатени и имаат еднакви можности за учење, изразување и се вклучуваат во сите наставни и воннаставни активности. Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаки на |

| | | |
|---|---|---|
| | | учениците за нееднаков третман или дискриминација по било кој основ.<br><br>Еднаквоста и правичноста како темелни вредности, училиштето ги промовира во сите свои пишани документи. Училиштето има развиено механизми за почитување на односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите).<br><br>**Анализата од спроведената анкета со наставниците ги покажува следните резултати:**<br><br>„Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата.“ - **целосно се согласувам 20%, се согласувам 55,7% и не се согласувам 21,4%.**<br><br>„На учениците им укажувам на различни механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето.“ - **целосно се согласувам 40% , се согласувам 60%.**<br><br>„Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес.“ - **целосно се согласувам 58,6%, се согласувам 41,4%.**<br><br>„Различни маргинализирани/ранливи групи ги вклучувам во училишните активности.“ - **целосно се согласувам 47,1%, се согласувам 50%.**<br><br>**Анализата од спроведената анкета со родителите/старателите ги покажува следните резултати:**<br><br>„Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците.“ - **целосно се согласувам 61,8%, се согласувам 33,9%.**<br><br>„Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците.“ - **целосно се согласувам 53,7%, се согласувам 40,6% .**<br><br>„Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање на правата на децата организирани од училиштето.“ - **целосно се согласувам 28,5%, се согласувам 44,9 %, не се согласувам 15, 9% и целосно не се согласувам 12%.**<br><br>„Моето дете во училиште ги добива истите услови за учење како и другите ученици.“ - **целосно се согласувам 58,7%, се согласувам 38,5 %.** |

| | | |
|---|---|---|
| | | „Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка и религиска припадност и др.“ - **целосно се согласувам 61,1% , се согласувам 33,6 %.**<br><br>**Анализата од спроведената анкета со учениците ги покажува следните резултати:**<br><br>„Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување кои треба да ги почитуваме.“ - **целосно се согласувам 38,7 %, се согласувам 41 %, не се согласувам 13,1%.**<br><br>„Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето.“ - **целосно се согласувам 48,2 %, се согласувам 42,3 %.**<br><br>„Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето и активностите на часовите како и останатите ученици.“ - **целосно се согласувам 45%, се согласувам 39,6%, не се согласувам 11,7%.**<br><br>„Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми.“ - **целосно се согласувам 34,2 %, се согласувам 38,7 %, не се согласувам 17,6%.**<br><br>„Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права.“ - **целосно се согласувам 43,2%, се согласувам 46,8%.** |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишен извештај за работа на училиштето;<br><br>Полугодишен извештај за работа на училиштето;<br><br>Записници од Советот на родители;<br><br>Интервју со директор;<br><br>Анкети со родители, ученици и наставници; | Соработка на училиштето со родителите/старателите<br><br>Соработка со општината и со урбаната заедница | Родителите на нашите ученици се партнери кои го подобруваат квалитетот и успешноста на нашето работење. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана и електронска форма.<br><br>Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа и тоа: индивидуални разговори и родителски средби, приемни денови, разни културни, образовни и спортски манифестации. |

| | | |
|---|---|---|
| Педагошка евиденција и документацијата (за родителски средби, за општествено корисната работа, за јавна и културната дејност);<br><br>Решение за именување на членовите на Училиштен одбор;<br><br>Статут на училиштето;<br><br>Веб-страницата на училиштето www.blazekoneskiveles.com;<br><br>Меморандуми за соработка со здруженија на граѓани и невладини организации;<br><br>Извештаи од организирани акции, со претставници на локалната заедница;<br><br>Документација за добиени спонзорства и донации. | | Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето преку Советот на родители и Училишниот одбор.<br><br>Мислењата и ставовите на родителитестарателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.<br><br>Советот на родители по претходно изготвена програма за работа, учествува со свои мислења, предлози и сугестии во однос на исхраната на учениците, подобрување на условите за работа, подобрување на успехот на учениците и др.<br><br>Редовно се одржуваат наставничко – родителски средби со што родителите имаат увид во начинот и условите на работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот и однесувањето на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.<br><br>Училиштето соработува со локалната заедница со вклучување на локалното население и родителите во реализација на разни видови училишни активности (еко собирни акции, крводарителски акции, промоции, проекти и други активности).<br><br>Училиштето остварува комуникација со претставници од локалната заедница (усна, пишана, електронска) за разни видови на активности – учество на состаноци, стручни средби, трибини, акции, промоции и слично со што континуирано го унапредува квалитетот на соработката со Локалната заедница.<br><br>Потпишаниот меморандум за соработка претставува основа за соработка на еколошки план и поддршка на еколошките активности.<br><br>Училиштето промовира и прифаќа вклучување волонтери од заедницата во наставните и во воннаставните активности. Останатата соработка е во рамките на законските одредби и се одвива двонасочно. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Анализата од спроведената анкета со наставниците ги покажува следните резултати:**<br>„Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето." - **целосно се согласувам 41,4%, се согласувам 54,3%.**<br>„Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно образовниот процес." - **целосно се согласувам 44,3%, се согласувам 55,7%.**<br>„Учествувам во спроведување на проекти кои се во интерес на училиштето и заедницата." - **целосно се согласувам 52,9%, се согласувам 44,3%.**<br>**Анализата од спроведената анкета со родителите/старателите ги покажува следните резултати:**<br>„Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно образовниот процес и одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето се почитуваат." - **целосно се согласувам 32,5 %, се согласувам 53 % , не знам не сум информиран 6%.** |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкетни прашалници со ученици, родители и наставници;<br>Протокол за постапување при насилно однесување (врсничко насилство);<br>Извадок од евиденција за поединечни настани од стручната служба за регистрирано насилство;<br>Записници од одржани состаноци со претставници на Центар за социјална работа и МВР за поедини случаи; | Превенција и заштита од насилство<br>Заштита од пушење, алкохол и од дрога<br>Квалитет на достапна храна<br>Хигиена и заштита од болести<br>Грижа за безбедноста на учениците и вработените<br>Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>Грижа за учениците со здравствени проблеми | Во училиштето се води соодветна грижа за обезбедување на безбедна средина за учење и дружење. Во рамките на реализацијата на часовите на одделенска заедница, одделенските наставници ги опфаќаат содржините за разрешување на конфликти и едукација за ненасилно однесување. Работилници на учениците реализира и стручната служба за време на одделенските часови. Во погорните одделенија се промовира ненасилно однесување и разрешување конфликтни ситуации со разговор и помирување и изнаоѓање прифатливи решенија. Во нашето училиште континуирано се водат кампањи на оваа тема. На состаноците на Ученичкиот парламент често се дискутира за темата превенција и заштита од насилство. Исто така со воведувањето на План на дежурства на одморите од страна на наставниците значително се допринесува кон превенција и заштита од |

| | | |
|---|---|---|
| Знаци во училиштето (постери, листи, табли) за забрана за пушење, консумирање алкохол и др. недозволени средства, носење на оружје;<br><br>Записници од Совет на родители и Одделенски совети во врска со одлуката за Изјава за дозволен преглед на учениците;<br><br>Записници на стручната служба од разговори со родители;<br><br>Изјави на родители за дозволен преглед на учениците за внес на недозволени супстанции;<br><br>Извештаи од работилници за агресивно однесување или користење на недозволени супстанции (работилниците на одделенски час);<br><br>Извадок од покана за линк за онлајн настан (кој отстуствува поради здравствени причини);<br><br>Подготовка за час во која ученикот со здравствени проблеми е вклучен;<br><br>Записници/Извештаи од состаноци со ученици кои имаат емоционални проблеми;<br><br>Промотивни флаери од други училишта за професионална ориентација;<br><br>Презентации од работилници за професионална ориентација;<br><br>Правилник за педагошки мерки; | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците<br><br>Давање помош при изборот за продолжување на образованието | појавата на насилство во училиштето. Иако во 2024 година имаше одредени, но изолирани случаи на појава на насилство, училиштето во соработка со сите надлежни инстуции успеа да се справи со предизвиците. Овие настани уште повеќе го мотивираа раководниот, стручниот и наставниот кадар поинтензивно да работи на проблематиката за појава на насилство кај учениците. Училиштето има изготвено Протокол за превенција од насилство. Голем дел од учениците сметаат дека поставените правила на ниво на одделенска заедница и на ниво на училиште се почитуваат, а најголем дел знаат како треба да постапат доколку забележат врсничко насилство. Голем дел од родителите сметаат дека училиштето успешно се справува при појава на насилство.<br><br>Раководниот и стручниот кадар во училиштето веќе подолг период спроведува политика за забрана на пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање никотински и други недозволиви супстанции.<br><br>Во училишниот објект на видни места се поставени знаци и натписи за забрана на пушење. Контунуирано се врши едукација на учениците за заштита од пороците на денешнината, се реализираат содржини и работилници на одделенските часови по ОЖВ и предавања од надворешни стручни лица за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. На неколку ученици им беа изречени педагошки мерки според Правилникот за педагошки мерки за недозволена употреба на средства (т.н. вајп цигари).<br><br>Преку изготвување на соодветна документација и по дадена согласност на родителите, стручната служба има право да врши преглед на учениците во однос на нивно поседување на недозволени објекти или супстанции и соодветно следствено да постапува. Голем дел ученици се изјасниле дека учествувале во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.<br><br>Во училиштето има училишна кујна во која се хранат учениците од I до IV одделение кои посетуваат целодневна настава. Училишната кујна се издава под концесија и во моментот со неа раководи операторот „Стара Ванила“ - Скопје. За учениците обезбеден е појадок, ручек и ужина, а користењето на |

| | | |
|---|---|---|
| Објави на социјални медиуми од работилниците;<br><br>Записници од увиди за исправноста на ПП апаратите;<br><br>Процедура за откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми;<br><br>Интервју со стручна служба; | | училишната трепезарија се одвива по однапред изготвен распоред. Менито за учениците е изготвено во согласност со Правилникот за стандардите за исхрана и оброци во основно училиште и Упатството за правилна примена на Правилникот за стандардите за исхрана и оброци во основно училиште. Договорот за соработка со Центарот за јавно здравје и честите контроли обезбедуваат сигурност и гаранција дека храната која е понудена на учениците е висококвалитетна и разновидна и ги задоволува нутритивните потреби на учениците.<br><br>Еднаш месечно се врши испитување на безбедноста на водата за пиење, четири пати се испитуваат мостри за докажување на исправноста на прехранбените производи, се врши здравствен надзор над вработените кои доаѓаат во непосреден контакт со прехранбените производи. Се врши проверка на хигиената во училишната кујна, опремата и вработените. Сите вработени се подложни на систематски и санитарен здравствен преглед. Центарот за јавно здравје организира обуки на учениците за важноста од хигиената и правилната исхрана. Едукација на учениците за важноста на здравата исхрана се врши и во рамките на еколошката едукација во македонскиот образовен систем преку кампањи, акции и редовни наставни содржини по повеќе наставни предмети.<br><br>Хигиената како клучен фактор за одржување и заштитување на здравјето на учениците е важен предизвик за вработените во Училиштето. Поголем број училници имаат свое хигиенско катче со чешма, мијалник, сапун и хартија за бришење. Наставниците постојано вршат едукација како учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Хигиената е на потребното ниво во сите простории во училиштето. Ходниците и скалите се чистат најмалку три пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат пред почетокот на секоја смена и на крајот на денот. Голем дел од родителите се согласуваат дека хигиената е на високо ниво, а исто така и голем дел од учениците сметаат дека училиштето е чисто и уредно и дека и тие придонесуваат за хигиената во училиштето. Редовно се проветрува, се врши задолжително дезинфекција со специјални средства како мерка за заштита од заразни болести. Редовно се вршат систематски прегледи на учениците и наставниците. Ваквите прегледи се организираат |

| | | |
|---|---|---|
| | | со цел да се констатира и регистрира здравствената состојба на учениците и нивниот психофизички раст и развој. Учениците се навремено ванкцинирани како превенција од одредени заразни болести, соодветно програмата за здравствена заштита.<br><br>Училиштето се грижи за безбедноста и здравјето на учениците и вработените. Училиштето е обезбедено со видео надзор во сите делови од ходниците и надворешниот дел од училишниот објект. За време на малите и големите одмори има дежурни наставници како и ангажирано лице од Агенција за обезбедување. Исто така во училиштето се организираат предавања од полициски службеници на теми за безбедноста во сообраќајот. Во училиштето има нови ПП-апарати кои редовно се сервисираат, а поради големиот број на излези кои ги има училиштето (4 главни и 11 директни од училница) се овозможува брза евакуација на учениците и вработените од училиштето во случај на елементарна непогода. Последниот инспекциски увид покажа дека се во исправна состојба. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност.<br><br>Најголем дел од родителите сметаат дека нивните деца учат во безбедна средина.<br><br>Училиштето преку непосредни разговори со учениците и родителите прави проценка на нивната социјална положба и потреба. На учениците од социјално загрозените семејства им се пристапува внимателно, да не се повреди нивната личност. Овие ученици најголема поддршка добиваат од разговорите со одделенските раководители и со стручната служба. Училиштето ги интегрира учениците од социјално загрозени семејства во наставните и воннаставните активности (екскурзии, натпревари, театарски претстави). Самоиницијативно одлучува преку хуманитарни акции да обезбеди помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Одделенските раководители особено се грижат за учениците кои се соочуваат со здравствени проблеми во насока на информирање за пропуштениот наставен материјал. Тие испраќаат материјали и содржини за учење, а оние ученици кои се опфатени со настава на далечина имаат и онлајн предавања.<br><br>Учениците кои поради заболување или посериозни повреди подолго отсуствувале од наставата, пропуштените наставни содржини имаат можност да ги надополнат во договор со соодветниот наставник и одделенскиот раководител преку организирање на дополнителна настава или давање индивидуална помош. Одделенските раководители ја следат состојбата на идентификуваните ученици, нивниот развој и опоравување.<br><br>Мал дел од учениците се соочуваат со емоционални проблеми. Одделенските раководители и стручните соработници во училиштето водат грижа за овие ученици, преку советодавна работа за подигање на самодовербата на учениците. Училиштето редовно соработува со релевантни институции како што се Здравствени установи, Завод за ментално здравје и Центар за социјална работа.<br><br>Одделенските раководители добиваат посебен инструмент за идентификација и постојано ја следат состојбата на оваа категорија ученици, нивниот развој и напредок. Стручната служба со таквите ученици работи по програма и Процедура за откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми. Со помош на оваа процедура тие спроведуваат низа на активности како:<br><br>-Едукација на наставниците и родителите за препознавање на емоционални проблеми кај децата.<br><br>-Идентификација на децата со емоционални проблеми без оглед на изворот (семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството, постконфликтни трауми, долго отсуство на еден од родителите, нарушени семејни односи, деца со насилничко однесување, жртви на насилство, деца со ниска самодоверба, екстравертни деца и сл.). |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Индивидуална соработка со родители и ученици за справување со емоционални проблеми кај децата (советодавна работа, разговори и предлагање на начини за подобрување на: самопочит, самодоверба, изразување на сопствените емоции, стекнување на вештини за решавање на проблеми, емпатичност, справување со стрес, критичко мислење, интерперсонални вештини).<br><br>-Редовно реализирање на содржини од Програмата за животни вештини на одделенските часови.<br><br>-Следење на промените кај децата со кои се работи на подобрување на нивниот емоционален статус.<br><br>Најголем дел од наставниците сметаат дека инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП или модифицирана програма и остварува соработка со ресурсниот центар и други релевантни институции.<br><br>Училиштето навремено ги информира учениците од деветто одделение за продолжување на образованието во средните училишта. Организира сопствени активности, користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците и им обезбедува јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование. Ги информира за мрежата на средни училишта во државата и условите за упис при изборот на нивното понатамошно образование.<br><br>Во нашето училиште се организира традиционален Саем на средни училишта, на кој се присутни професори и ученици од сите средни училишта од нашиот град, а истиот го проследуваат учениците од деветто одделение и нивните родители.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со наставниците ги покажува следните резултати:**<br><br>„Со моите ученици спроведувам активности за превенција од насилство и ненасилно решавање на конфликти.“ - **целосно се согласувам 62,9%, се согласувам 37,1%.** |

| | | |
|---|---|---|
| | | „Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство.“ - **целосно се согласувам 58,6%, се согласувам 40%.**<br><br>„Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога.“ - **целосно се согласувам 32%, се согласувам 45,7% и не се согласувам 15,7 %.**<br><br>„Учениците и родителите добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите “ - **целосно се согласувам 55,7%, се согласувам 42,9%.**<br><br>**Анализата од спроведената анкета со родителите/старателите ги покажува следните резултати:**<br><br>„Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случај на насилство .“ - **целосно се согласувам 38,9 %, се согласувам 45,6%, не знам не сум информиран 7,4%.**<br><br>„Во училиштето се спроведуваат активности за насилство и ненасилно решавање на конфликти .“ - **целосно се согласувам 36,4 %, се согласувам 43,8 %, не знам не сум информиран 12%.**<br><br>„Училиштето добро се справува при појава на насилство .“ - **целосно се согласувам 29%, се согласувам 45,9 %, не е согласувам 13, 1% и не знам не сум информиран 7,4%.**<br><br>„Во училишето се превземаат мерки за превенција и заштита од пушење, алкохол и дрога .“ - **целосно се согласувам 32,9%, се согласувам 43,1 %, не знам не сум информиран 15,9%.**<br><br>„Хигиената во училиштето е на високо ниво.“ - **целосно се согласувам 18,4 %, се согласувам 49,8 %, не се согласувам 23,3%.**<br><br>„Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете.“ - **целосно се согласувам 36,7 %, се согласувам 56,2 %.**<br><br>„Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошно образование на учениците.“ - **целосно се согласувам 31,4%, се согласувам 51,9%, не знам не сум информиран 12%.** |

| | | |
|---|---|---|
| | | „Училиштето редовно ги информира родителите за важни настани и новини преку дигитални медиуми.“ - **целосно се согласувам 52,3 %, се согласувам 44,2 %.**<br><br>„Училиштето ме поддржува да се вклучам во различни активности.“ - **целосно се согласувам 29,3 %, се согласувам 54,8 %, не знам не сум информиран 9,2 %.**<br><br>**Анализата од спроведената анкета со учениците ги покажува следните резултати:**<br><br>„Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно.“ - **целосно се согласувам 38,3%, се согласувам 40,1%, не се согласувам 15,8%.**<br><br>„Во училиштето се чувствувам прифатено од учениците“ - **целосно се согласувам 48,8 %, се согласувам 41,9%.**<br><br>„Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците.“ - **целосно се согласувам 44,6 %, се согласувам 38,3%, не се согласувам 12,2%.**<br><br>„Сакам да одам на училиште.“ - **целосно се согласувам 34,2%, се согласувам 42,3%, не се согласувам 12,2% и целосно не се согласувам 9,5%.**<br><br>„Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми.“ - **целосно се согласувам 34,2%, се согласувам 38,7%, не се согласувам 17,6%.**<br><br>„Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство.“ - **целосно се согласувам 50,5%, се согласувам 41,9%.**<br><br>„Во училиштето работиме на решавање на конфликти и спречување на насилство.“ - **целосно се согласувам 40,5%, се согласувам 48,2%.**<br><br>„Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето,, алкохолот и наркотичните средства.“ - **целосно се согласувам 32,4%, се согласувам 30,6%, не се согласувам 16,7%, не знам не сум информиран 14,9%.**<br><br>„Училиштето е чисто и уредно и јас придонесувам за хигиената во училиштето.“ - **целосно се согласувам 32,4%, се** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **согласувам 41%, не се согласувам 17,1%, целосно не се согласувам 8,1%.** |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето има изградено препознатлив имиџ во општината и ужива доверба кај родителите и заедницата. Соработува активно со локалната самоуправа, институции, јавни установи, здруженија на граѓани и деловниот сектор, што придонесува за поддршка на воспитно-образовната дејност.

Во училиштето владее пријатна и мотивирачка средина за учење и работа, со воспоставен ред, дисциплина и меѓусебна почит. Изработени се кодекси за однесување за ученици, наставници и родители, кои доследно се почитуваат.

Училиштето е инклузивно и обезбедува еднакви можности за сите ученици, без разлика на нивниот пол, етничка припадност, вера, социјален статус или способности. Во политиките и правилниците на училиштето се вградени принципите на недискриминација, правичност, почитување на детските права и забрана за каков било облик на насилство.

Училиштето го применува принципот на ученичко учество преку формирање ученички заедници и избор на нивно раководство, активен Ученички парламент, назначен Ученички правобранител, кои учествуваат со иницијативи и активности, и изразуваат ставови за прашања што ги засегаат учениците.

Комуникацијата со родителите се остварува преку родителски средби, индивидуални и групни средби, преку Советот на родители со размена на информации и прифаќање на предлози и идеи. Родителите се мотивираат и поттикнуваат активно да се вклучат во животот на училиштето и да учествуваат во воспитно-образовниот процес. Пропишани се и задолжителни советувања за родители.

Училиштето има утврдени мерки и процедури за безбедност на учениците, како во зградата, така и во училишниот двор. Преку Кодексот за однесување е регулирано забрана за пушење, употреба на алкохол, никотин и други недозволиви супстанци, како и постапување во случаи на прекршувања. Се реализираат активности за спречување врсничко насилство, следење на ризици и навремено интервенирање.

Грижата за физичкото и менталното здравје на учениците е приоритет, редовно се спроведуваат систематски и стоматолошки прегледи на учениците, како и редовни санитарни и систематски прегледи на вработените. Се спроведуваат работилници за здрава исхрана и здрав животен стил.

За учениците кои потекнуваат од социјално ранливи средини, училиштето обезбедува поддршка во форма на училишни материјали, основна опрема и дополнителни ресурси. Се применува индивидуален пристап за секое дете, со цел да му се овозможи еднаква можност за учење и напредок.

Училиштето активно вложува во социо-емоционалната добросостојба на учениците. Се создава поддржувачка и охрабрувачка средина каде секој ученик може да ги развие своите потенцијали.

Развиена е Програма за професионална ориентација, а наставниците, стручната служба и родителите заеднички го поддржуваат процесот на одлучување кај учениците во однос на нивниот понатамошен образовен и кариерен пат.

**Силни страни**

- Учениците се чувствуваат безбедни и почитувани, што создава позитивна атмосфера за учење.
- Училиштето посветено работи на запознавање и почитување на детските права и еднаков третман за сите ученици, а во ситуации на непочитување на правата презема мерки за заштита на учениците и покажува практична примена на принципите на еднаквост и правичност.
- Кај учениците постои зголемен интерес за следење на работилници, трибини, предавања подготвени од ученици, родители, наставници, лекари, психолози, педагози и други релевантни фактори поврзани со здравјето на учениците.
- На одделенските часови се дискутира за штетноста од навиките како пушење, алкохол и дрога.
- Училиштето организира трибини, настани, заеднички проекти во соработка со општината и институциите за заштита од непогоди и опасности, а се од интерес на училиштето и заедницата.
- Постои распоред за дежурства на одморите на наставниот кадар кој придонесува за спречување на појава на насилство или агресивно однесување.
- Во училиштето постојат видливи ознаки за забрана за пушење, алкохол и користење на дрога.
- Постојат добро разработена процедура за учениците кои имаат здравствени проблеми и се отсутни, успешно да ја следат наставата.
- Стручниот тим во училиштето континуирано ги идентификува и врши разговори со ученици кои пројавуваат емоционални проблеми.

**Слаби страни**

- Нема пристапност за користење на сите простории за ученици со попреченост.
- Недоволна соработка со надлежните институции, што ограничува можноста за вклучување на училиштето во поголем број национални и интернационални образовни проекти за наставници и ученици.
- Недоволна идентификација на афинитетите на учениците, насочување и советување во однос на понатамошното образование.

**Приоритети**

- Да се обезбеди пристапност до сите училишни простории за ученици со попреченост, преку адаптација на инфраструктурата во согласност со стандардите за инклузивност и физичка достапност.
- Зајакнување на соработката со надлежните институции за вклучување на училиштето во поголем број на национални и интернационални образовни проекти за наставници и ученици.
- Зајакнување на механизмот за идентификување на афинитетите на учениците, насочување и советување во однос на понатамошното образование.

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за работа на Училишниот одбор;<br>Деловник за работа на Училишниот одбор;<br>Статут на училиштето;<br>Извештај од самоевалуација;<br>Записници, Одлуки, Извештаи од работата на Училишниот одбор;<br>Интервју со Директор и стручни соработници;<br>Програма за работа на директорот;<br>Програма за работа на стручни соработници;<br>Програма за професионален развој;<br>Анкета за наставници, родители и ученици;<br>Докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи);<br>Докази за вклчученост во регионални и меѓународни образовни мрежи;<br>Распоред и процедури за користење на просторот и наставните материјали во училиштето; | Управување со училиштето<br>Раководење со училиштето<br>Управување и раководење со ресурсите<br>Раководење со кадарот<br>Следење и унапредување на наставниот процес | Училиштето функционира согласно Развојната и Годишна програма за работа и други документи и акти, со јасно поставена визија, мисија и цели. Управувањето е организирано на транспарентен начин и вклучува стратешко планирање, распределба на одговорности, донесување одлуки базирани на податоци и вклучување на сите засегнати страни. Воспоставена е практика на креирање плански документи кои ги опфаќаат сите аспекти од воспитно-образовната работа. Работата на училиштето се темели на демократски принципи, почитување на различностите и инклузивен пристап.<br>Училишниот одбор (УО) е формиран во согласност со Законот за основно образование. Работи според утврден Деловник и Статутот на училиштето, со јасно распределени надлежности и одговорности. Членовите на УО, избрани од сите предвидени засегнати страни (вработени, родители, основачот), активно и одговорно учествуваат во процесите на донесување одлуки. Состаноците се одржуваат редовно, со обезбеден кворум и застапеност на сите структури. На состаноците со поканува да присуствува и претставник од Ученичкиот парламент. Училишниот одбор ја поддржува транспарентноста на своето работење – донесените одлуки навремено се споделуваат со наставниците, родителите и учениците преку записници, наставнички и одделенски совети, како и Советот на родители. Одборот активно се вклучува во креирање и усвојување на политики поврзани со еколошко образование, меѓуетничка интеграција, инклузивност и соработката со заедницата. Овие аспекти придонесуваат кон развивање на позитивна клима и отвореност на училиштето.<br>Директорот на училиштето е главниот раководен орган кој успешно управува со сите аспекти од функционирањето на училиштето. Работи со јасно дефинирана визија, усогласена со потребите и интересите на учениците, наставниците, родителите и локалната заедница. Покажува висок степен на професионалност, личен интегритет и објективност во |

| | | |
|---|---|---|
| Активности и програма за работа на училишната библиотека;<br><br>Пописна листа за библиотечен фонд;<br><br>Извештаи од следени часови од директор и стручни соработници; | | проценката на кадарот и носењето на одлуки. Во своето работење, директорот го става фокусот на унапредување на ученичките постигнувања, подобрување на условите за учење и ефикасно спроведување на развојниот план на училиштето. Активно ги вклучува вработените во процесите на планирање и следење, поттикнува тимска соработка и обезбедува релевантни податоци за мерење на напредокот. Редовно комуницира со сите чинители во училиштето, навремено ги информира за донесените одлуки и обезбедува инклузивен процес на донесување политики. Училиштето гради партнерства со локални институции, здруженија и образовни мрежи, со што се прошируваат можностите за развој на учениците и наставниот кадар. Со овој пристап, директорот успешно управува со промените и придонесува за стабилно и квалитетно функционирање на училиштето.<br><br>Училиштето рационално ги користи достапните ресурси, а при нивната распределба се води сметка за приоритетите и реалните потреби. Постојат утврдени процедури за евиденција, користење и одржување на материјално-техничките ресурси. Финансиските средства се користат наменски, согласно со буџетот, а училиштето активно аплицира за поддршка преку проекти и грантови.<br><br>Училиштето располага со богата и функционална инфраструктура која се користи на ефикасен начин за поддршка на наставниот и воспитниот процес, како и за организирање на бројни воннаставни активности и манифестации. Како дел од специфичните капацитети се издвојува поливалентниот простор, кој се користи за приредби, културни настани, работилници и презентации, обезбедувајќи отворена и прилагодлива средина за различни настани.<br><br>Дополнително, училиштето има спортска сала со трибини, која овозможува организирање на спортски натпревари и настани со присуство на публика, како и мала мултифункционална сала, што се користи за физичко воспитание, вежби и активности во помали групи. Големиот училишен двор е активно користен како простор за одмор, игра и настава на отворено, а посебна предност претставува прилагодената надворешна училница, |

| | | |
|---|---|---|
| | | која е уредена за реализирање на настава на отворено во поволни временски услови.<br><br>Во рамки на подобрување на материјалната основа, реализирана е набавка на нови клупи и столчиња за подобрување на условите во училниците, како и опремување на сите училници со клима-уреди, со што се обезбедени оптимални услови за работа во текот на целата учебна година.<br><br>Максималното користење на овие ресурси овозможува создавање на стимулирачка средина за учење и активно учество на учениците во различни форми на активности, што претставува значаен квалитативен придонес во функционирањето на училиштето.<br><br>Училишната библиотека делумно ги задоволува потребите на учениците. Располага со повеќе од 11 наслови на книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, а вкупниот библиотечен фонд оваа учебна година е зголемен за 100 лектирни изданија и 50 книги од други наслови и изнесува 13.476 од кои:<br><br>• лектирни изданија – 1890 со 69 наслови;<br>• стручна литература – 745,<br>• други наслови – 1104<br><br>Библиотеката има програма за библиотечно работење и води евидентирање на книгите. Во неа се запишани вкупно 1200 членови. Таа е отворена и достапна за користење на учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работно време на библиотекарот. Училиштето навремено планира набавка на потрошен материјал, но количините не се доволни за целосна реализација на активностите. Како резултат, наставниците често обезбедуваат материјали од сопствени средства за да ги поддржат наставните и проектните активности.<br><br>Иако училиштето презема конкретни чекори кон унапредување на инклузивноста, сè уште не е целосно пристапно за ученици со попреченост, особено во делот на физичката достапност до сите простории. Ова претставува простор за понатамошно |

| | | |
|---|---|---|
| | | делување, преку адаптација на инфраструктурата согласно стандардите за пристапност. Дополнително, согласно дискусија со фокус група на наставници, беше констатирано дека подовите во кабинетите за предметна настава се во многу лоша состојба, што негативно влијае врз квалитетот на наставата и безбедноста на учениците и наставниците. Потребна е итна реконструкција со поставување на современи, безбедни и лесни за одржување подни површини.<br><br>Училиштето располага со соодветен наставен кадар и стручни соработници согласно нормативите. Раководењето со кадарот се базира на професионална поддршка, распределба на одговорности според компетенции и обезбедување услови за стручно усовршување. Наставниците редовно учествуваат во обуки, семинари и работилници, а се поттикнува и хоризонталната размена на искуства преку стручни активи. Се применува механизам за следење на квалитетот на работата преку посета на часови, евалуација и самоевалуација на наставниците. Секој наставник изготвува личен план за професионален развој, а училиштето спроведува Програма за професионален развој согласно потребите, реформите и современите трендови. Училиштето има воспоставени механизми за пофалување и наградување на наставници кои постигнуваат значајни резултати или покажуваат висок степен на професионален ангажман. Високиот процент на задоволство кај наставниците укажува на транспарентност и навремено информирање за можности за усовршување. Директорот навремено назначува ментори за наставниците приправници и го почитува законскиот рамковен модел за професионален и кариерен развој.<br><br>Следењето на наставниот процес е систематски организирано, преку анализа на постигањата на учениците, евалуација на наставата, повратни информации и планирани активности за унапредување. Редовно се следи реализацијата на наставните планови и програми, а добиените податоци се користат за планирање на дополнителна и диференцирана настава. Директорот и стручните соработници, според однапред утврден распоред, редовно ја следат работата на наставниците преку опсервација на најмалку два наставни часа по наставник |

| | | |
|---|---|---|
| | | во полугодие. За таа цел користат стандаризирани формулари, а по секоја опсервација се обезбедува индивидуална повратна информација со насоки за унапредување на наставата. Активностите се насочени кон развој на компетенции кај учениците, поттикнување на критичко мислење и градење одговорност кон сопственото учење. Се води уредна евиденција за редовноста, напредокот и однесувањето на учениците, а се преземаат и активности за поддршка на ученици со потешкотии и од ранливи категории.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со родители ги покажа следните резултати:**<br><br>- 43,5% од родителите се изјасниле со „целосно се согласувам" дека **Информиран/а сум од страна на претставникот на Совет на родители за планираните активности и резултатите од нивна реализација**, „се согласувам" се изјасниле 44,9%, со „не се согласувам", „ целосно не се согласувам" и „не знам не сум информиран" се изјасниле 11,6%.<br><br>- 60,8% од родителите се изјасниле со „целосно се согласувам" дека **Информиран/а сум од одделенскиот раководител за активности што ги превзема училиштето**, „се согласувам" се изјасниле 36,7%, со „не се согласувам", „ целосно не се согласувам" и „не знам не сум информиран" се изјасниле 2,5%.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажува следните резултати:**<br><br>- 55,7% од наставниците се изјасниле со „целосно се согласувам" дека наставникот **Успева да ги идентификува учениците со тешкотии во учењето** со „се согласувам" се изјасниле 44,3%, со „не се согласувам", „целосно не се се согласувам" и „не знам не сум информиран" 0 %.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажува следните резултати:**<br><br>- 51,4% од наставниците се изјасниле со „целосно се согласувам" дека **Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар,** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **учениците и родителите/старателите при донесувањето одлуки** со „се согласувам“ се изјасниле 44,3%, со „не се согласувам“, „целосно не се се согласувам“ и „не знам не сум информиран“ 4,3 %.<br>- 38,6% од наставниците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби** со „се согласувам“ се изјасниле 58,6%, со „не се согласувам“ се изјасниле 12,8 %.<br>- 52,9% од наставниците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие** со „се согласувам“ се изјасниле 47,1%, со „не се согласувам“, „целосно не се се согласувам“ и „не знам не сум информиран“ 0 %.<br>- 37,1% од наставниците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација** со „се согласувам“ се изјасниле 55,7%, со „не се согласувам“, и „целосно не се се согласувам“ 7,2 %.<br>- 52,9% од наставниците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **Училиштето поддржува квалитетно работење на наставниците** со „се согласувам“ се изјасниле 47,1%. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето;<br>Извештај од самоевалуација;<br>План за развој на училиштето;<br>Акциони планови;<br>Анкети си наставници, родители и ученици;<br>Интервјуа со директор и стручни соработници; | Процедури за креирање на училишната политика<br>Резултати од развојно планирање<br>Планирање и управување со училишниот буџет | Училиштето има воспоставени јасни и усогласени процедури за креирање и ревизија на училишната политика. Процесот на креирање на политиките е инклузивен, со вклученост на сите релевантни чинители – наставници, стручни соработници, ученици, Училишен одбор, Советот на родители и Локалната самоуправа. Овие политики имаат јасно дефинирани цели кои се насочени кон унапредување на квалитетот на наставата и зголемување на ученичките постигања. Училиштето има изготвено Годишна програма, Развојна програма, Статут, Кодексите за однесување и внатрешните правилници и деловници за работа, но потребно е редовно да се ажурираат и прилагодуваат согласно потребите на училиштето и |

| | | |
|---|---|---|
| Записници од УО, Совет на родители, Наставнички совет;<br><br>Фокус група со родители;<br><br>Програма за работа и извештаи за работата на Училишниот одбор;<br><br>Деловник за работа на Училишниот одбор;<br><br>Склучени договори, тендерска документација за јавни набавки;<br><br>Записници од ревизија на УЈП;<br><br>Буџет и финансиски план на училиштето; | | законската рамка. Политиките се транспарентно пренесуваат до учениците и родителите преку родителски средби, веб-страница и училишни табли. Сепак, потребно е да се зајакне активната улога на учениците и родителите во иницирање нови предлози и да се воспостават механизми за евалуација на ефектите од применетите политики.<br><br>Училиштето располага со структуриран и реално поставен Развоен план кој ги опфаќа клучните области на функционирање – квалитет на наставата, инклузивност, инфраструктура, дигитализација и професионален развој. Планот е резултат на претходна анализа и вклученост на различни субјекти и е во согласност со наодите од самоевалуацијата. Поголемиот дел од планираните активности во рамки на развојното планирање се реализираат согласно утврдениот временски распоред и навремено се евидентираат преку Годишната програма за работа на училиштето. За следење на напредокот и проценка на реализацијата се користат различни извори на податоци, како што се резултатите од ученички постигања, евалуациски извештаи, прашалници, стручни анализи и административна документација. Сепак, самоевалуацијата укажува на потреба од посистематско и подетално дефинирање на индикаторите за следење на ефективноста на активностите. Во постојната практика не секогаш се овозможува целосно поврзување меѓу спроведените активности и постигнатите резултати. Затоа, неопходно е доследно вклучување на мерливи индикатори во фазата на планирање, нивна редовна проверка и употреба во процесот на интерна евалуација. Тоа ќе овозможи пообјективна проценка на влијанието на реализираните активности врз квалитетот на наставата и ученичките постигања.<br><br>Буџетското планирање се врши врз основа на реални приоритети, во корелација со Годишната програма и развојните цели. Училиштето располага со финансиски план поврзан со образовните приоритети и унапредување на ученичките постигања. Буџетот се планира транспарентно, а директорот редовно ги информира вработените, родителите и локалната самоуправа. Финансискиот план и извештаите се објавени на веб-страницата на училиштето. Училишниот одбор навремено го разгледува и одобрува планот, кој потоа се доставува до |

| | | |
|---|---|---|
| | | основачот и се усвојува од Советот на општината. Одборот ја следи реализацијата на буџетот и финансиската состојба на училиштето. Соработката со општината е постојана и конструктивна, особено при реализација на капитални инвестиции и инфраструктурни проекти. Училиштето редовно апплицира за дополнителни финансиски средства преку национални и меѓународни проекти, донации и грантови. Потребно е поголемо вклучување на наставничкиот кадар при приоретизирање на буџетски активности и јакнење на финансиската едукација на сите училишни структури во делот на ресурси и самостојно управување со проектни средства.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со родители ги покажа следните резултати:**<br><br>- 37,5% од родителите се изјасниле со „целосно се согласувам" дека **Училишниот одбор транспарентно ги објавува одлуките кои се во интерес на родителите**, „се согласувам" се изјасниле 49,5%, со „не се согласувам", „ целосно не се согласувам" и „не знам не сум информиран" се изјасниле 13%.<br><br>- 24,7% од родителите се изјасниле со „целосно се согласувам" дека **Запознаен/а сум како се трошат средствата на училиштето**, „се согласувам" се изјасниле 33,2%, со „не се согласувам", „ целосно не се согласувам" се изјасниле 16,2% и „не знам не сум информиран" се изјасниле 25,8%.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажува следните резултати:**<br><br>- 48,6% од наставниците се изјасниле со „целосно се согласувам" дека наставникот е **Информиран/а за резултатите што треба да се постигнат со Развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање** со „се согласувам" се изјасниле 48,6%, со „не се согласувам", „целосно не се се согласувам" и „не знам не сум информиран" 2,8 %.<br><br>- 18,6% од наставниците се изјасниле со „целосно се согласувам" дека **Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности** со „се согласувам" |

| | | |
|---|---|---|
| | | се изјасниле 48,6%, со „не се согласувам“, „целосно не се се согласувам“ се изјасниле 32,9 %.<br><br>- 20% од наставниците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето** со „се согласувам“ се изјасниле 51,4%, со „не се согласувам“ 21,4% и „не знам не сум информиран“ 7,1%.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со ученици ги покажа следните резултати:**<br><br>- 30,6% од учениците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период**, „се согласувам“ се изјасниле 36,5%, со „не се согласувам“, и „ целосно не се согласувам“ 16,7% и со „не знам не сум информиран“ се изјасниле 16,2%.<br><br>- 44,1% од учениците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека во секое време**, „се согласувам“ се изјасниле 35,6%, со „не се согласувам“ 14% со „целосно не се согласувам“ и „не знам не сум информиран“ се изјасниле 6,3%. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето има воспоставен функционален систем за управување и раководење кој овозможува организирано, транспарентно и ефективно спроведување на воспитно-образовниот процес. Управувањето со училиштето се заснова на годишно планирање, организациски правила и координација помеѓу раководните структури и стручните тела. Раководењето се одвива преку отчетно и колаборативно лидерство кое овозможува вклучување на наставниците, стручната служба, учениците и родителите во донесување одлуки.

Раководењето со кадарот се реализира со транспарентна распределба на работните задачи, континуирано стручно усовршување и мотивација на вработените. Се следат индивидуалните и колективните резултати, а кадарот активно учествува во самоевалуацијата и унапредувањето на наставната практика.

Училиштето со ресурсите располага рационално и ефикасно. Се води грижа за планирање и користење на човечките, материјалните и финансиските ресурси, вклучително и редовно ажурирање и подобрување на условите за работа. Управувањето со буџетот се реализира според законските прописи и во согласност со приоритетите утврдени во развојното планирање.

Процедурите за креирање училишни политики се јасно дефинирани и инклузивни, овозможувајќи учество на различни засегнати страни. Развојното планирање се базира на претходни анализи, идентификувани потреби и самоевалуациски наоди, а резултатите од истото се користат како основа за донесување одлуки и стратешко насочување на училиштето.

Следењето и унапредувањето на наставниот процес е континуирано, со редовна педагошка поддршка и анализа на ученичките постигања. Се применуваат мерки за подобрување на квалитетот на наставата, се поттикнува професионален развој на наставниот кадар и се поддржува иновативен пристап во наставната пракса.

**Силни страни**

- Работата на училишниот одбор во донесувањето и објавувањето на нивните одлуки е транспарентна за сите чинители во образовниот процес.
- Финансискиот план и отчетот на финансиските средства е транспарентен и јавно поставен на web страната на училиштето.
- Училиштето располага со развиена и разнолика инфраструктура која се користи ефикасно и функционално за поддршка на образовниот процес, како и за реализација на културни, спортски и наставно-воспитни активности. Поливалентниот простор, спортската сала со трибини, мултифункционалната сала, училишниот двор со надворешна училница, заедно со новите клупи, столчиња и клима-уреди, овозможуваат пријатна, прилагодлива и стимулирачка средина за учење и вклученост на учениците.
- Училишната библиотека е опремена со лектирни изданија и стручна литература и истата е достапна за сите ученици и наставници.
- Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.
- Вработените во училиштето постојано се усовршуваат со следење на интерни и екстерни обуки.
- Соработката меѓу раководството, воспитно – образовниот кадар, учениците и родителите е на високо ниво.
- Опременост на сите училници и кабинети со смарт табли и ЛЦД проектори.
- Сите структури активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето за подобрување на квалитетот на образовниот и воспитниот карактер на училиштето.

**Слаби страни**

- Дотраена и небезбедна кровна конструкција во поливалентниот простор на училиштето и спортската сала.
- Подовите во кабинетите во предметна настава се дотраени што може да влијае безбедноста на учениците и наставниците.
- Недоволно естетско уредување на ходниците во одделенската настава, што го намалува мотивацискиот потенцијал и креативноста кај учениците.

**Приоритети**

- Реконструкција на кровната конструкција во поливалентниот простор на училиштето и спортската сала за подобрување на безбедносните, функционалните и енергетските услови за одвивање на наставни и вонннаставни активности.
- Реконструкција на подовите во кабинетите од предметна настава, со поставување современи, безбедни и лесни за одржување подни површини, со цел подобрување на условите за работа и учење.

| |
|---|
| - Естетско уредување на училишниот простор во ходниците во одделенската настава за создавање на поттикнувачка, пријатна и креативна средина за најмладите ученици. |

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

- **Анкета за ученици;**
- **Анкета за родители;**
- **Анкета за наставници;**
- **Интервју со директор и стручна служба;**
- **Фокус групи на наставници, ученици и родители;**

**Анкета за ученици**

**Подрачје 1**



Навремено сум информиран/а за распоредот на часови, додатна, дополнителна настава и воннаставни активности.

222 responses




На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели и сл).

222 responses



На најголем број од часовите сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме прашања, дискутираме, работиме во групи).
222 responses




Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или друго училиште).
222 responses



Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето како и другите ученици.

222 responses




Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно.

222 responses



Наставниците однапред ми објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена.

222 responses




Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена.

222 responses



Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл).

222 responses




Наставниците редовно ме известуваат за мојот напредок и постигнувања.

222 responses



Наставниците ме пофалуваат за постигнатите резултати.

222 responses




Наставниците ми даваат насоки како поуспешно да учам.

222 responses



Има различни видови активности (спорт, уметност, наука, технологија, друштвени активности) за да можам да изберам според моите интереси.

222 responses




Времето и местото на одржување на активностите овозможуваат лесно да учествувам во нив.

222 responses



Преку вonнаставни активности (манифестации, хуманитарни акции, секции и др) и натпреварите учам нови вештини и стекнувам нови знаења.
222 responses




Училиштето ме мотивира да учествувам на натпревари (локални, национални и меѓународни).
222 responses



Училиштето ги признава и наградува учениците кои постигнуваат добри резултати на натпревари.

222 responses




Преку вонаставните активности стекнувам нови пријателства и развивам тимска работа.

222 responses



Учеството во воннаствните активности е лесно и не ми создава многу обврски.

222 responses




**Подрачје 2**

Моите родители/старатели континуирано се известуваат за мојот напредок на училиште.

222 responses



Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех.

222 responses




Доколку не можам да го совладам материјалот наставниците организираат дополнителна настава.

222 responses



Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците организираат додатни часови.

222 responses




**Подрачје 3**

Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно.

222 responses



Во училиштето се чувствувам прифатено од учениците.

222 responses




Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците.

222 responses



Сакам да одам во училиште.

222 responses




Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми.

222 responses



Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување кои ги почитуваме.

222 responses




Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето.

222 responses



Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето и активностите на часовите, како и другите ученици.

222 responses




Нашите предлози и мислења како ученици, преку ученичката заедница и Ученичкиот парламент се слушаат и земаат предвид од страна на училиштето.

222 responses



Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права.

222 responses




Кога има потреба од помош можам да се обратам на одделенскиот раководител или на друг наставник.

222 responses



Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето.

222 responses




Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето.

222 responses



Во училиштето работиме на решавање на конфликти и спречување насилство.

222 responses




Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.

222 responses



Училиштето е чисто и уредно, и јас придонесувам за хигиената во училиштето.

222 responses




**Подрачје 4**

Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период.

222 responses



Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека во секое време.
222 responses




**Анкета за родители**

**Подрачје 1**

Информиран/а сум за Наставните планови и програми кои ќе се реализираат во тековната учебна година.
283 responses



Изборните предмети/активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси.

283 responses




Навремо сум информиран/а за распоредот на часови, додатна, дополнителна настава и воннаставни активности.

283 responses



Наставниците имаат современ приод во реализација на наставните програми.

283 responses




Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете.

283 responses



Мултикултурната, родовата и етничката различност се препознава, се почитува и негува.
283 responses




Ги користам можностите да разговарам со учениците за постигнувањата на моето дете.
283 responses



Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати.

283 responses




Сите ученици имаат еднаков пристап до вон наставните активности.

283 responses



Моето дете е заинтересирано и мотивирано да учествува во воннаставните активности.
283 responses




Сметам дека училиштето ги вреднува и наградува учениците кои постигнуваат успеси на натпревари.
283 responses



Воннаставните активности му помагаат на моето дете да се развие како личност.
283 responses




Преку воннаставните активности моето дете стекнува нови пријателства и учи тимска работа.
283 responses




**Подрачје 2**

Од училиштето добивам насоки за подобрување на успехот и однесувањето на моето дете.

283 responses




Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете.

283 responses



На моето дете во училиштето му е овозможено дополнителна и додатна настава доколку има потреба од тоа.

283 responses




**Подрачје 3**

Запознаен/а сум со Кодексот на однесување во училиштето.

283 responses



Имам можности на родителски средби или преку Советот на родители да дадам предлози и сугестии за развој или ажурирање на содржината на Кодексот на однесување.

283 responses




Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците.

283 responses



Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците.

283 responses




Моето дете сака да оди на училиште.

283 responses



Училиштето се залага за одржување на редот и дисциплината.

283 responses




Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето.

283 responses



Моето дете во училиштето ги добива истите услови за учење како и другите ученици.

283 responses




Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго.

283 responses



Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и ...дени одлуки кои се донесуваат во училиштето.

283 responses




Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство.

283 responses



Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти.

283 responses




Училиштето добро се справува при појава на насилство.

283 responses



Во училиштето се преземаат мерки за превенција и заштита од алкохол, пушење и дрога.

283 responses




Хигиената во училиштето е на високо ниво.

283 responses



Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете.

283 responses




Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошно образование на учениците.

283 responses



Училиштето редовно ги информира родителите за важни настани и новини преку дигитални медиуми.

283 responses




Училиштето ме поддржува да се вклучам во различни активности.

283 responses




**Подрачје 4**

Информиран/а сум од страна на претставникот на Совет на родители за планираните активности и резултатите од нивна реализација.

283 responses




Информиран/а сум од одделенскиот раководител за  активности што ги превзема училиштето.

283 responses



Училишниот одбор транспарентно ги објавува одлуките кои се во интерес на родителите.

283 responses




Запознаен/а сум како се трошат средствата на училиштето.

283 responses



**Анкета за наставници**

**Подрачје 1**

Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники за планирање на наставата.

70 responses



Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието МИМО ми обезбедува поддршка за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција.

70 responses




Училиштето гради политика на меѓуетничка интеграција во образованието.

70 responses



Добивам поддршка од стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/и.

70 responses




Планирам и разменувам искуства и идеи во рамките на стручните активи.

70 responses



Користам стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта, меѓународни искуства и др.

70 responses




Во наставата користам различни ресурси за учење и настава.

70 responses



На моите часови учениците работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив.
70 responses




Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП или модифицирана програма и остварува соработка со ресурсниот центар и други релевантни институции.
70 responses



На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето.

70 responses




Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците.

70 responses



Наставниците и стручните соработници користат различни инерактивни техники со што им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој.

70 responses




Ги запознавам учениците со критериумите и стандардите за оценување.

70 responses



Давам повратна информација за нивниот напредок и постигнувања во учењето.

70 responses




Применувам различни методи, форми и инструменти за оценување на учениците.

70 responses



Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл).

70 responses




Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати.

70 responses



На учениците им давам насоки како поуспешно да учат.

70 responses




Сметам дека сите ученици имаат еднаков пристап до вонндаставните активности.

70 responses



Сметам дека училиштето ги вреднува и наградува учениците кои постигнуваат успеси на натпревари.

70 responses




**Подрачје 2**

Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето.

70 responses



Успевам да ги идентификувам надарените ученици.
70 responses



Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигнувањата на своето дете по мојот предмет/и.

70 responses




На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето.

70 responses



**Подрачје 3**

Имам учествувано во изработка/ажурирање на Кодексот на однесување во училиштето.
70 responses



Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување.

70 responses




Примената на Кодексот на однесување има позитивно влијание на училишната дисциплина.

70 responses



Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка.

70 responses




За време на моите часови има добра работна атмосфера.

70 responses



Добро соработувам со колегите во училиштето.

70 responses




Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање на конфликти.

70 responses



Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство.

70 responses




Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување на одлуки за прашања кои се во нивни интерес.

70 responses



Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата.

70 responses




На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето.

70 responses



Различните маргинализирани/ранливи групи ги вклучувам во училишните активности.
70 responses




Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето.
70 responses



Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес.

70 responses




Учествувам во спроведување на проекти кои се од интерес на училиштето и заедницата.

70 responses



Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога.

70 responses




Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите.

70 responses



Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите.
70 responses




**Подрачје 4**

Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со Развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање.
70 responses



Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите/старателите при донесувањето одлуки.

70 responses




Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности.

70 responses



Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби.
70 responses




Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие.
70 responses



За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација.

70 responses




Училиштето поддржува квалитетно работење на наставниците.

70 responses



Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето.

70 responses




**Резиме од интервју со Директор**

Од интервјуто со директорот на училиштето Маја Коруновска може да резимираме дека, како менаџер на образовна установа, таа ги користи капацитетите на сите поединци, но како дел од тимска работа, води политика на поголема вклученост и заедничко донесување на одлуки. Управувањето е организирано транспарентно, со јасна распределба на улоги и одговорности и активно вклучување на наставниците, стручната служба, родителите и учениците. Работата на училиштето е усогласена со Развојната и Годишната програма за работа и се води според визија, мисија и цели кои се јасно дефинирани и познати на сите засегнати страни. Се негува демократски пристап, почитување на различностите и се применува инклузивна пракса во воспитно-образовната работа.

Инфраструктурата на училиштето е функционална и богата – спортска сала со трибини, поливалентен простор, мала сала за физичко, училишен двор и надворешна училница. Опремени се сите училници со нови клупи и столчиња, како и клима-уреди, со што се овозможуваат оптимални услови за настава. Просториte се користат и за редовна настава и за воннаставни активности. Сепак, беа посочени неколку значајни инфраструктурни слабости: дотраена и небезбедна кровна конструкција во поливалентниот простор и спортската сала, дотраеност на подовите во кабинетите за предметна настава кои се во многу лоша состојба и недоволно естетско уредување на ходниците, што го намалува мотивацискиот потенцијал и креативната средина за ученици.

Наставниот кадар и стручните соработници се соодветно ангажирани и работат согласно нормативите. Наставниците редовно посетуваат обуки, семинари и хоризонтално разменуваат искуства преку стручните активи. Училиштето спроведува Програма за професионален развој, а секој наставник има свој личен план за стручно усовршување. Следењето на квалитетот се врши преку опсервации, евалуации и повратни информации.

Наставниот процес се следи континуирано, со анализа на ученички постигања, евиденција на редовност и однесување, како и активности за поддршка на ученици со потешкотии и од ранливи категории. Се применува диференцирана и дополнителна настава базирана на реални потреби на учениците.

Финансиските ресурси се користат рационално и наменски, во согласност со буџетот и приоритетите. Училиштето аплицира за проекти и грантови за дополнителна поддршка и развој. Директорот покажува висок степен на професионалност, интегритет и објективност во носењето одлуки. Тој ги мотивира вработените да бидат активен дел од планирањето и следењето на процесите, создавајќи партнерска атмосфера и култура на взаемно почитување. Со активна соработка со локални институции и образовни мрежи, училиштето ги проширува можностите за развој на учениците и наставниците.

Со ваков пристап, училиштето успешно управува со промените, одржува стабилно и квалитетно функционирање и создава позитивна и поттикнувачка средина за учење.

**Резиме од интервју со стручна служба**

Интервјуто со стручната служба укажува на континуирана и систематска посветеност кон сите аспекти на воспитно-образовниот процес. Планирањата од страна на наставниците се подготвуваат редовно и се доставуваат навремено, а нивното следење се врши најмалку двапати во полугодие од страна на директорот и стручните соработници. Наставниците навремено изготвуваат програми за редовна, додатна, дополнителна настава, како и за работа со ученици со посебни образовни потреби (ПОП), меѓупредметни теми и личен развој.

Посебна грижа се посветува на инклузивноста – оформен е Инклузивен тим, се применуваат индивидуализирани образовни планови (ИОП), а учениците добиваат поддршка од специјалниот едукатор и рехабилитатор и образовните асистенти. Училиштето располага со две современо опремени сензорно-ресурсни соби, што значително го унапредува квалитетот на образованието за ученици со попреченост.

Во однос на оценувањето, се применува формативно и сумативно оценување со транспарентен пристап. Сепак, беше идентификувана потреба од ревидирање на политиката за оценување и дефинирање на кодекс за оценување на учениците. Континуирано се следи ученичкиот успех по пол, етничка припадност и наставни предмети, преку годишни статистички анализи. За учениците со ПОП се применува оценување согласно со индивидуализираните програми.

Недостаток се забележува кај информирањето на родителите за постигањата на учениците, како и во идентификацијата на афинитетите на учениците и насочување кон понатамошно образование, што претставува простор за унапредување.

Во текот на учебната година се реализираат богати вонннаставни активности: екскурзии, ученички натпревари, хуманитарни акции, еко-акции и активности поврзани со МИМО и ученички парламент. Училиштето активно развива емпатија, солидарност и социјална одговорност кај учениците преку хуманитарни проекти.

Спроведувањето на дополнителната настава е организирано, со јасни распореди и следење на постигнувањата. Наставниците индивидуално ги информираат родители за напредокот, а учениците со здравствени проблеми добиваат поддршка преку онлајн часови, материјали и дополнителна настава.

Во поглед на емоционалното здравје, училиштето има изготвена Процедура за откривање и поддршка на ученици со емоционални проблеми. Се реализира советување на ученици и родители согласно Програмата за советување на родители и ученици.

Однесувањето и дисциплината се во фокусот на работата, со организирани дежурства, промоција на детски права, реализација на работилници за ненасилно однесување и постоење на Протокол за превенција од насилство. Иако имало изолирани случаи во тековната учебна година, училиштето навремено реагирало во соработка со институции.

Учениците од социјално загрозени семејства се соодветно поддржани и вклучени во сите активности, а учениците со здравствени или емоционални потреби добиваат индивидуализиран пристап и помош. Надарените ученици се мотивираат и наградуваат за учество во натпревари и проекти.

Наставниот и стручниот кадар редовно се усовршува преку обуки и стручни активи, а училиштето има воспоставено систем за следење и евалуација на наставниот процес, преку часови посети, анализа на постигања и повратни информации.

Се води уредна евиденција за редовност, постигнувања и однесување на учениците. Наставниците користат современи методи и алатки, прилагодени на индивидуалните потреби и потенцијали на учениците. Училиштето е активно во креирање безбедна, инклузивна и поддржувачка средина за сите ученици, без разлика на пол, етничка припадност, социјален статус или способности.

**Резиме од фокус група на ученици**

Учениците генерално се задоволни од начинот на информирање за распоредот на часови, дополнителната настава и вонннаставните активности, истакнувајќи дека овие информации се навремени и им помагаат во организирањето на нивните училишни обврски и слободно време.

Училиштето е перципирано како безбедно и прифатливо место, каде учениците се чувствуваат сигурно и добредојдено од страна на наставниците и соучениците. Наставниците редовно ги известуваат учениците за нивниот напредок, даваат повратни информации, пофалби и насоки за подобрување, што ја зголемува мотивацијата и посветеноста на учениците кон учењето.

Учениците исто така имаат можност да избираат активности според своите интереси од различни области како спорт, уметност, наука и технологија, и оценуваат дека учеството во овие активности е лесно и пријатно. Преку вонннаставните активности тие стекнуваат нови знаења, развиваат вештини и создаваат пријателства, што ги поттикнува да бидат поактивни и вклучени во училиштниот живот.

Се нагласува дека има еднаков пристап до сите активности и дека училиштето ги вреднува и наградува успешните ученици, што дополнително ги мотивира да се трудат и постигнуваат добри резултати.

Позитивно е оценето и тоа што училиштето ги слуша мислењата и предлозите на учениците преку ученичкиот парламент и ученичката заедница, овозможувајќи им да учествуваат во донесувањето одлуки и да ја почувствуваат својата важност во училиштната заедница.

Учениците се запознаени со правилата на однесување, последиците од нивното непочитување и знаат каде да се обратат во случај на прекршување на нивните права или врсничко насилство. Училиштето активно работи на спречување на насилство и штетни навики, а учениците учествуваат во едукативни работилници за разрешување на конфликти, не насилна комуникаци и заштита од штетни влијанија како пушење, алкохол и дрога.

Иако училиштето е генерално уредно и чисто, учениците истакнаа дека и самите придонесуваат за одржување на хигиената и дека тоа е дел од нивната заедничка одговорност.

Во целина, учениците покажуваат позитивен став кон училиштето како место за учење, развој и социјална вклученост. Тие се чувствуваат прифатени и безбедни, а училиштето се обидува да ги поддржува нивните потреби и да ги мотивира преку различни активности.

**Резиме од фокус група на родители**

Во рамки на процесот на самоевалуација, беше спроведен разговор со фокус група составена од родители на ученици од различни одделенија. Целта беше да се добие квалитативен увид во нивната перцепција за транспарентноста, информираноста и условите за работа и престој во училиштето.

Од разговорот може да се заклучи дека родителите генерално имаат позитивна перцепција за транспарентноста на работењето на училиштето и комуникацијата со училиштниот персонал. Тие истакнаа дека постои добра информираност преку одделенските раководители, кои редовно ги известуваат за планираните и тековните активности, промени и други важни информации поврзани со воспитно-образовниот процес. Дополнително, родителите сметаат дека претставниците во Советот на родители имаат важна улога во посредувањето на информации, иако дел од нив посочија дека комуникацијата со сите родители би можела да биде поактивна и поструктурирана. Изразија потреба за почеста размена на информации преку родителски средби, електронски комуникациски канали и директни известувања.

Во однос на работата на Училишниот одбор, родителите се свесни за неговата надлежност и делување, но посочија дека не секогаш имаат доволен увид во донесените одлуки и нивната реализација. Изразија интерес за поголема отвореност и навремено споделување на информации од страна на Училишниот одборот преку разбирливи и достапни извештаи или кратки информации на состаноците на Совет на родители.

Родителите посочија и потреба од поголема транспарентност во делот на финансиското работење, особено во поглед на користењето на средствата наменети за унапредување на условите во училиштето. Иако имаат доверба во раководството, се препорачува јавно информирање за начинот на распределба и трошење на средствата преку извештаи или презентации на родителски средби.

Еден од клучните аспекти во разговорот беше поврзан со условите во физичката средина на училиштето. Родителите укажаа на потреба од замена на оштетените подови во кабинетите за предметна настава, со цел да се обезбеди безбедна и функционална средина за учење.

Во заклучок, родителите ја препознаваат посветеноста на училиштето кон унапредување на воспитно-образовниот процес и транспарентното управување. Воедно, изразија подготвеност да се вклучат поактивно преку соработка со училиштниот персонал, учество во активности и заедничко придонесување во подобрување на условите во училиштето. Разговорот укажа на потребата за понатамошно зајакнување на комуникациските механизми и планирање конкретни активности за надминување на идентификуваните предизвици.

**Резиме од фокус група со наставници**

Наставниците изразија задоволство од навремените обуки и поддршката која ја добиваат за примената на современи методи и техники во наставата, како и за процесот на планирање. Соработката со стручната служба е редовна и конструктивна, што овозможува подобрување на наставните планови и размена на искуства и идеи во рамките на стручните активи. Тие активно користат различни извори на стручни искуства, како и различни медиуми, со што го збогатуваат својот наставен пристап.

Наставниците посочија дека во училиштето се обрнува големо внимание на укажување на учениците за нивните права и механизми за заштита, како и на систематска идентификација на индивидуалните образовни потреби на учениците. Тие сметаат дека сите ученици имаат еднаков пристап до вонинаставни активности и дека училиштето соодветно ги вреднува и наградува учениците кои постигнуваат успеси, што го поттикнува нивниот развој и мотивација.

Во однос на Кодексот на однесување, наставниците изразија дека се вклучени во неговата изработка и ажурирање, а неговата примена има позитивно влијание врз училишната дисциплина. Наставниот кадар оценува дека училиштето соодветно постапува при прекршување на Кодексот, што придонесува за подобрување на атмосферата во училиштето и создавање на поттикнувачка и позитивна работна средина. Ова се одразува и на добрата работна атмосфера за време на часовите, како и на квалитетната соработка меѓу колегите.

Наставниците исто така нагласија дека училиштето се грижи за добросостојбата на учениците и нуди соодветна поддршка, вклучувајќи и информации за избор на понатамошно образование. Тие сметаат дека училиштето е посветено на обезбедување еднакви услови за учење за сите ученици, без дискриминација врз основа на пол, етничка или религиска припадност.

Во делот на превенција од насилство и ризични појави, наставниците се информирани за училишните протоколи и активности за ненасилно решавање конфликти. Иако сметаат дека училиштето добро се справува со појави на насилство, препознаваат простор за подобрување во оваа

област, како и во превенцијата на пушење, алкохол и дрога. Хигиенските услови во училиштето ги оценуваат како задоволителни, но укажуваат на потреба од дополнително унапредување.

Сепак, во разговорот со наставниците беа изнесени и значајни забелешки поврзани со физичката инфраструктура. Особено беше нагласено дека кровната конструкција во поливалентниот простор и спортската сала е дотраена, а исто така, лошата состојба на подовите во кабинетите за предметна настава беше посочена како безбедносен ризик и пречка за квалитетно изведување на наставата.

Во целина, наставниците изрази подготвеност и желба за натамошно унапредување на наставниот процес, подобрување на условите за работа и создавање на поддржувачка и инклузивна училишна клима.

**Извештај**

**Од самоевалуација на ООУ „Блаже Конески“ – Велес за период 2023-2025 година**

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19, 229/20 и 81/25 година) Општинското основно училиште „Блаже Конески“ – Велес изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023 до 2025 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 30.1.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Лидија Алчева Игновска – одделенски наставник;
2. Иванка Славковска – предметен наставник;
3. Марија Јорданов – специјален едукатор и рехабилитатор;
4. Ангела Сапасевска – психолог;
5. Весна Кузманова – член во Совет на родители;

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот јануари – јуни 2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Координатор | Носител -стручна служна | Членови |
|---|---|---|---|
| **1. Планирање, настава и учење**<br>-Индикатори:<br>1.1 Планирања на наставниците<br>1.2 Наставен процес<br>1.3 Искуства на учениците од учењето<br>1.4 Оценувањето како дел од наставата<br>1.5 Воннаставни активности и натпревари | **Ана Ј.Глушкова и Цветанка Велинова** | Пенчо Андреев и Весна Начарова | Јулијана Нацева<br>Андријана Јорданова<br>Велика Милошевска<br>Весна Брчкова<br>Маја Камењарова<br>Весна Јовевска<br>Маја Стојановска<br>Анита Апостолоска<br>Соња Стумбова<br>Тања Инѓилизова<br>Весна Мешкова<br>Елизабета Циунова<br>Сашко Јовановски<br>Љупчо Николовски<br>Александар Тодоровски |
| **2. Постигања на учениците**<br>-Индикатори:<br>2.1 Постигања на учениците<br>2.2 Марки за подобрување на постигањата | **Марија Страхилова и Оливера Трипчева** | Марија Јорданов и Слаѓана Герасимова | Маја Костова<br>Рената Миновска<br>Александра Наумова<br>Снежана Арсова<br>Анастасија Блажевски<br>Маја Пасковска<br>Марија Тодорова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Маја Гелев<br>Кристијан Гуновски<br>Елена Д. Пантелиќ<br>Снежана Балова |
| **3. Училишна клима и односи во училиштето**<br><br>-<u>Индикатори:</u><br>3.1 Училишна клима<br>3.2 Еднаквост и правичност<br>3.3 Партнерски однос со заедницата<br>3.4 Севкупна грижа за ученици | **Даниела Димовска и Зорица Адамчевска** | Ангела Спасевска и Марија Јорданов | Донка Павлова<br>Ивана П.Илиева<br>Јасна Трајковска<br>Орданка Петкоска<br>Сашка Боризова<br>Александра Мишкова<br>Елена Тембелеска<br>Соња Неделковска<br>Христина Темелковска<br>Павле Цилаков<br>Пенчо Кимов<br>Марјан Атанасовски<br>Сања Стојановски<br>Марјан Петров<br>Љубенчо Ристов |
| **4. Управување, раководење и креирање политики**<br><br><u>-Индикатор:</u><br>4.1 Управување и раководење со училиштето<br>4.2 Цели и креирање на училишната политика | **Елизабета А.Митровска и Филип Миланов** | Пенчо Андреев и Ангела Спасевска | Славица Петрова<br>Лидија Атанасовска<br>Невенка Ѓошева<br>Благородна Јосимовска<br>Славица Трајковска<br>Саше Андреевски<br>Ружица П.Николовска<br>Костадинка Атанасова<br>Оливер Димов<br>Петре Жабев<br>Димитар Гуновски |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето и реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на <u>25.6.2025</u> година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување и реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Опис/резиме на подрачјето** |
|---|
| Поддршката и следењето на планирањата на наставниците играат клучна улога во обезбедување на ефикасна и квалитетна настава во училиштето. Поддршката која училиштето им ја дава на наставниците со цел креирање квалитетни и успешни планирања (годишни, тематски, неделни, дневни сценарија, личен план за професионален развој) се состои од обезбедување редовни обуки и семинари за наставниците за нови наставни методи, технологии и алатки, овозможување на професионален развој преку учество во конференции и работилници, обезбедување повратни информации на наставниците за нивната работа, со предлози за подобрување, работа на проекти и слично. Во училиштето се следат планирањата на наставниците преку соодветни процедури од страна на директорот и стручните соработници.<br><br>Наставниците разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручни активи, користат стручни искуства од различни медиуми и регионална соработка со други училишта.<br><br>Реализацијата на наставните планови и програми е сложен процес кој бара високо ниво на подготовка, креативност, флексибилност и континуирано следење. Наставниците играат клучна улога во претворањето на теоретските цели во практична реалност, обезбедувајќи им ги на учениците неопходните знаења и вештини за понатамошен успех. Наставните планови и програми во целост се реализираат од страна на соодветен наставен кадар.<br><br>Училиштето нуди широк дијапазон на разновидни слободни изборни активности и предмети, односно слободни изборни предмети од различните категории коишто се подредени на интересите на учениците, согласно нивната возраст и актуелните потреби. Нивниот избор се врши согласно пропишаната процедура од МОН и БРО за избор на изборен наставен предмет.<br><br>Во училиштето внимателно се одбираат и интегрираат задачите, активностите и ресурсите како би се создала ангажирачка и ефективна наставна средина која ќе ги поддржи учениците во нивниот развој и учење. Изборот на задачите, активности и ресурси наставниците го приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците според тежински нивоа. Наставниците користат најразлични современи приоди, методи и техники во наставата.<br><br>Училиштето негува одлична интеракција меѓу наставниците и учениците преку отворена комуникација - учениците се охрабруваат да поставуваат прашања и да изразуваат свои мислења, активно слушање, повратни информации - обезбедување редовни и конструктивни повратни информации за напредокот на учениците, поддршка од страна на наставниците- препознавање на потребите на учениците и нудење помош, особено за оние кои имаат потешкотии или специфични потреби. Наставниците се однесуваат кон учениците со прифаќање, почитување, соработка, мотивација и разбирање. Интеракцијата меѓу учениците е на солидно ниво со тенденција за нејзино подобрување преку организирање на групни активности, односно вклучување на учениците во групни проекти и активности кои ги поттикнуваат на соработка, комуникација и тимска работа.<br><br>Во училиштето се реализира образовна инклузија. Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со одлука на директорот на училиштето. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП со сите |

наставни предмети, согласно законска регулатива. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Со учениците со ПОП се реализира настава и вонннаставни активности според ИОП или модифицирана програма во согласност со препораките на МКФ.

Тимот за училишна интеграција (ТУИ) го спроведува акцискиот план за следење на реализација на активностите на МИМО планирани во ГПРУ, проектни активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, мотивирачка, инклузивна и интеркултурна средина што поттикнува интерес за учење.

Учениците сметаат дека на начинот на кој се учи во најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање на проблеми во реалниот живот.

Најголем дел од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци од она што го учат. Наставниците даваат пофални коментари за активностите на учениците и користат различни начини за да ги мотивираат учениците.

Наставниците и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за да ги задоволат потребите и да се отстранат пречките при учење. Најголемиот број наставници заедно со стручните соработници во процесот при учење користат различни интерактивни техники, со што овозможуваат на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.

Училишна политика за оценување има за цел да обезбеди транспарентност, фер и конзистентност во процесот на оценување и да ги поддржи учениците во нивното академско и лично развивање: задачите, тестови и активности се оценуваат според однапред дефинирани и познати критериуми, оценувањето се изведува преку различни инструменти за оценување. Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.

Наставниците користат информации кои се добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата како и реализирањето на наставата.

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Активно иницира и реализира различни хуманитарни активности – како што се собирни акции, театарски претстави, хуманитарни базари за храна и ракотворби на учениците и родителите, доброволни прилози и слично – со цел развивање на меѓусебна емпатија, солидарност и чувствителност кон потребите на другите. Истовремено, преку спроведување на голем број еко-акции и иницијативи, учениците се вклучуваат во активности што придонесуваат за развивање на еколошка свест и промовирање на одговорно, одржливо однесување кон животната средина. Во нив опфатени се ученици од различен пол и возраст.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво од акредитирани здруженија или од меѓународно ниво како и во други активности со натпреварувачки карактер. Јавноста редовно се информира за постигнувањата на учениците на одржаните натпревари преку ФБ страната и веб страната на училиштето.

| **Силни страни** |
| --- |
| - Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамките на стручните активи од различни медиуми, од соработка со други училишта, меѓународни искуства и друго.<br>- Во наставата се користат различни ресурси и наставниците имаат современ приод во реализацијата на наставните планови и програми.<br>- Училиштето иницира и спроведува хуманитарни акции (собирни акции, театарски претстави, хуманитарни базари за храна и изработки на учениците и родителите, доброволни прилози и сл.) со цел да се подигне свеста кај учениците за меѓусебна емпатија и солодарност.<br>- Развиената еколошка свест кај учениците, постигната преку нивно активно вклучување во бројни еко-акции и иницијативи кои промовираат одговорно и одржливо однесување.<br>- Мултикултурната, родовата и етничката различност се препознава, се почитува и негува и училиштето гради политика на меѓуетничка интеграција на младите во образованието така што голем дел од учениците биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури.<br>- Поголемиот дел од учениците се чувствуваат сигурни и безбедни во училиштето.<br>- Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците и ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на учениците.<br>- Наставниците применуваат различни методи, форми и инструменти за оценување на учениците, учениците се запознаени со критериумите и стандардите за оценување и редовно се вклучени во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.).<br>- Учениците активно учествуваат на натпревари и конкурси, под менторство на наставниците и постигнуваат високи резултати.<br>- Училиштето ги промовира учениците кои постигнуваат високи резултати. |
| **Слаби страни** |
| - Постојната политика за оценување не е ревидирана и недостасува јасно дефиниран кодекс за оценување на учениците.<br>- Недоволната искористеност на можностите за информирање на родителите за постигнувањата на учениците.<br>- Слаб интерес на родителите за постигнувањата на учениците. |
| **Приоритети** |
| - Ревидирање и унапредување на политиката за оценување, со вклучување на посебно дефиниран и јасно структуриран кодекс за оценување.<br>- Унапредување и интензивирање на комуникацијата помеѓу наставниците и родителите. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Опис/резиме на подрачјето** |
| --- |
| Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите |

| |
|---|
| квалификациски периоди. Постигањата на учениците континуирано се следи и евидентира.<br><br>Училиштето не врши систематска анализа на резултатите од државното тестирање, ниту на податоците од меѓународните оценувања, бидејќи не добива навремена и структуирана повратна информација за постигањата на учениците. Оваа состојба оневозможува споредба на постигнувањата со други училишта на национално или меѓународно ниво, што претставува пречка за реална проценка на ефективноста на наставата и за планирање на активности за унапредување на ученичките резултати.<br><br>Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост се идентификуваат и добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата.<br><br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води, евидентни листови, свидетелства и додаток на свидетелства, како и индивидуални средби со родители за време на приемни денови.<br><br>Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Редовноста одделенските раководители ја ажурираат во е-дневник. Родители чии деца имаат голем број на изостаноци се упатуваат на советување. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу две интегрални евалуации е помал од пет по ученик. Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории, кои даваат резултати.<br><br>Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Советувањата на родители/старатели резултираат со подобрување на постигањата на учениците. Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето.<br><br>Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Редовно се вршат анализи за постигањата на учениците по класификациони периоди по сите наставни предмети. Добиените извештаи даваат насоки за понатамошна работа со учениците на часовите од редовна и дополнителна настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на огласна табла. |
| **Силни страни**<br>- Вторник и четврток отворени денови за родителите.<br>- Се анализираат причините за изостаноци и се преземаат мерки, особено за учениците од ранливи категории.<br>- Наставниците користат различни техники и стратегии за подобрување на постигнувањата. |
| **Слаби страни**<br>- Недостиг на утврдена процедура за идентификација, поддршка и работа со надарени ученици и ученици со тешкотии во учењето. |
| **Приоритети**<br>- Изготвување на процедура за идентификација, поддршка и работа со надарени и ученици со тешкотии во учењето. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето има изградено препознатлив имиџ во општината и ужива доверба кај родителите и заедницата. Соработува активно со локалната самоуправа, институции, јавни установи, здруженија на граѓани и деловниот сектор, што придонесува за поддршка на воспитно-образовната дејност.

Во училиштето владее пријатна и мотивирачка средина за учење и работа, со воспоставен ред, дисциплина и меѓусебна почит. Изработени се кодекси за однесување за ученици, наставници и родители, кои доследно се почитуваат.

Училиштето е инклузивно и обезбедува еднакви можности за сите ученици, без разлика на нивниот пол, етничка припадност, вера, социјален статус или способности. Во политиките и правилниците на училиштето се вградени принципите на недискриминација, правичност, почитување на детските права и забрана за каков било облик на насилство.

Училиштето го применува принципот на ученичко учество преку формирање ученички заедници и избор на нивно раководство, активен Ученички парламент, назначен Ученички правобранител, кои учествуваат со иницијативи и активности, и изразуваат ставови за прашања што ги засегаат учениците.

Комуникацијата со родителите се остварува преку родителски средби, индивидуални и групни средби, преку Советот на родители со размена на информации и прифаќање на предлози и идеи. Родителите се мотивираат и поттикнуваат активно да се вклучат во животот на училиштето и да учествуваат во воспитно-образовниот процес. Пропишани се и задолжителни советувања за родители.

Училиштето има утврдени мерки и процедури за безбедност на учениците, како во зградата, така и во училишниот двор. Преку Кодексот за однесување е регулирано забрана за пушење, употреба на алкохол, никотин и други недозволиви супстанци, како и постапување во случаи на прекршувања. Се реализираат активности за спречување врсничко насилство, следење на ризици и навремено интервенирање.

Грижата за физичкото и менталното здравје на учениците е приоритет, редовно се спроведуваат систематски и стоматолошки прегледи на учениците, како и редовни санитарни и систематски прегледи на вработените. Се спроведуваат работилници за здрава исхрана и здрав животен стил.

За учениците кои потекнуваат од социјално ранливи средини, училиштето обезбедува поддршка во форма на училишни материјали, основна опрема и дополнителни ресурси. Се применува индивидуален пристап за секое дете, со цел да му се овозможи еднаква можност за учење и напредок.

Училиштето активно вложува во социо-емоционалната добросостојба на учениците. Се создава поддржувачка и охрабрувачка средина каде секој ученик може да ги развие своите потенцијали.

Развиена е Програма за професионална ориентација, а наставниците, стручната служба и родителите заеднички го поддржуваат процесот на одлучување кај учениците во однос на нивниот понатамошен образовен и кариерен пат.

**Силни страни**

- Учениците се чувствуваат безбедни и почитувани, што создава позитивна атмосфера за учење.

- Училиштето посветено работи на запознавање и почитување на детските права и еднаков третман за сите ученици, а во ситуации на непочитување на правата презема мерки за заштита на учениците и покажува практична примена на принципите на еднаквост и правичност.
- Кај учениците постои зголемен интерес за следење на работилници, трибини, предавања подготвени од ученици, родители, наставници, лекари, психолози, педагози и други релевантни фактори поврзани со здравјето на учениците.
- На одделенските часови се дискутира за штетноста од навиките како пушење, алкохол и дрога.
- Училиштето организира трибини, настани, заеднички проекти во соработка со општината и институциите за заштита од непогоди и опасности, а се од интерес на училиштето и заедницата.
- Постои распоред за дежурства на одморите на наставниот кадар кој придонесува за спречување на појава на насилство или агресивно однесување.
- Во училиштето постојат видливи ознаки за забрана за пушење, алкохол и користење на дрога.
- Постојат добро разработена процедура за учениците кои имаат здравствени проблеми и се отсутни, успешно да ја следат наставата.
- Стручниот тим во училиштето континуирано ги идентификува и врши разговори со ученици кои пројавуваат емоционални проблеми.

**Слаби страни**

- Нема пристапност за користење на сите простории за ученици со попреченост.
- Недоволна соработка со надлежните институции, што ограничува можноста за вклучување на училиштето во поголем број национални и интернационални образовни проекти за наставници и ученици.
- Недоволна идентификација на афинитетите на учениците, насочување и советување во однос на понатамошното образование.

**Приоритети**

- Да се обезбеди пристапност до сите училишни простории за ученици со попреченост, преку адаптација на инфраструктурата во согласност со стандардите за инклузивност и физичка достапност.
- Зајакнување на соработката со надлежните институции за вклучување на училиштето во поголем број на национални и интернационални образовни проекти за наставници и ученици.
- Зајакнување на механизмот за идентификување на афинитетите на учениците, насочување и советување во однос на понатамошното образование.

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето има воспоставен функционален систем за управување и раководење кој овозможува организирано, транспарентно и ефективно спроведување на воспитно-образовниот процес. Управувањето со училиштето се заснова на годишно планирање, организациски правила и координација помеѓу раководните структури и стручните тела. Раководењето се одвива преку отчетно и колаборативно лидерство кое овозможува вклучување на наставниците, стручната служба, учениците и родителите во донесување одлуки.

| |
|---|
| Раководењето со кадарот се реализира со транспарентна распределба на работните задачи, континуирано стручно усовршување и мотивација на вработените. Се следат индивидуалните и колективните резултати, а кадарот активно учествува во самоевалуацијата и унапредувањето на наставната практика.<br><br>Училиштето со ресурсите располага рационално и ефикасно. Се води грижа за планирање и користење на човечките, материјалните и финансиските ресурси, вклучително и редовно ажурирање и подобрување на условите за работа. Управувањето со буџетот се реализира според законските прописи и во согласност со приоритетите утврдени во развојното планирање.<br><br>Процедурите за креирање училишни политики се јасно дефинирани и инклузивни, овозможувајќи учество на различни засегнати страни. Развојното планирање се базира на претходни анализи, идентификувани потреби и самоевалуациски наоди, а резултатите од истото се користат како основа за донесување одлуки и стратешко насочување на училиштето.<br><br>Следењето и унапредувањето на наставниот процес е континуирано, со редовна педагошка поддршка и анализа на ученичките постигања. Се применуваат мерки за подобрување на квалитетот на наставата, се поттикнува професионален развој на наставниот кадар и се поддржува иновативен пристап во наставната пракса. |
| **Силни страни**<br>- Работата на училишниот одбор во донесувањето и објавувањето на нивните одлуки е транспарентна за сите чинители во образовниот процес.<br>- Финансискиот план и отчетот на финансиските средства е транспарентен и јавно поставен на web страната на училиштето.<br>- Училиштето располага со развиена и разнолика инфраструктура која се користи ефикасно и функционално за поддршка на образовниот процес, како и за реализација на културни, спортски и наставно-воспитни активности. Поливалентниот простор, спортската сала со трибини, мултифункционалната сала, училишниот двор со надворешна училница, заедно со новите клупи, столчиња и клима-уреди, овозможуваат пријатна, прилагодлива и стимулирачка средина за учење и вклученост на учениците.<br>- Училишната библиотека е опремена со лектирни изданија и стручна литература и истата е достапна за сите ученици и наставници.<br>- Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.<br>- Вработените во училиштето постојано се усовршуваат со следење на интерни и екстерни обуки.<br>- Соработката меѓу раководството, воспитно – образовниот кадар, учениците и родителите е на високо ниво.<br>- Опременост на сите училници и кабинети со смарт табли и ЛЦД проектори.<br>- Сите структури активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето за подобрување на квалитетот на образовниот и воспитниот карактер на училиштето. |
| **Слаби страни**<br>- Дотраена и небезбедна кровна конструкција во поливалентниот простор на училиштето и спортската сала.<br>- Подовите во кабинетите во предметна настава се дотраени што може да влијае безбедноста на учениците и наставниците. |

| |
|---|
| - Недоволно естетско уредување на ходниците во одделенската настава, што го намалува мотивацискиот потенцијал и креативноста кај учениците. |
| **Приоритети**<br>- Реконструкција на кровната конструкција во поливалентниот простор на училиштето и спортската сала за подобрување на безбедносните, функционалните и енергетските услови за одвивање на наставни и вонnаставни активности.<br>- Реконструкција на подовите во кабинетите од предметна настава, со поставување современи, безбедни и лесни за одржување подни површини, со цел подобрување на условите за работа и учење.<br>- Естетско уредување на училишниот простор во ходниците во одделенската настава за создавање на поттикнувачка, пријатна и креативна средина за најмладите ученици. |

### Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

- **Ревидирање и унапредување на политиката за оценување**, со вклучување на посебно дефиниран и јасно структуриран кодекс за оценување кој ќе обезбеди објективност, транспарентност и доследност во процесот на вреднување на ученичките постигнувања.
- **Унапредување и интензивирање на комуникацијата помеѓу наставниците и родителите**, преку спроведување на тематски информативни сесии и работилници за родители, онлајн платформи и формирање на механизми за двонасочна повратна информација, организирање на заеднички настани (културни, спортски, волонтерски акции) и индивидуални консултации со родители за креирање на заеднички стратегии за поддршка на ученикот.
- **Изготвување на јасно дефинирана процедура за идентификација, поддршка и работа со надарени ученици и ученици со тешкотии во учењето**, со вклучување на мултидисциплинарни тимови, индивидуализирани образовни планови и редовно следење на напредокот.
- **Обезбедување на пристапност до училишни простории за ученици со попреченост**, преку адаптација на инфраструктурата согласно стандардите за инклузивност и физичка достапност (пристапни рампи, санитарии, визуелна и аудитивна сигнализација и сл.).
- **Зајакнување на соработката со надлежните институции**, со цел активно вклучување на училиштето во национални и интернационални образовни проекти и програми наменети за професионален развој на наставниот кадар и дополнителни можности за учениците.
- **Зајакнување на механизмите за идентификување на афинитетите и интересите на учениците**, како и системско советување и насочување во однос на понатамошното образование и професионален развој.
- **Реконструкција на кровната конструкција во поливалентниот простор на училиштето и спортската сала** за подобрување на безбедносните, функционалните и енергетските услови за одвивање на наставни и воннаставни активности.
- **Реконструкција на подовите во кабинетите од предметна настава**, со поставување современи, безбедни и лесни за одржување подни површини, кои ќе придонесат за подобрени услови за работа, хигиена и безбедност на учениците и наставниците.
- **Естетско уредување на училишниот простор во ходниците во одделенската настава** за создавање на поттикнувачка, пријатна и креативна средина за најмладите ученици.

Комисија за спроведување на Самоевалуацијата на училиштето:

1. Лидија Алчева Игновска__________________
2. Иванка Славковска ______________________
3. Марија Јорданов _________________________
4. Ангела Сапасевска ______________________
5. Весна Кузманова _________________________